SUSTINERI PARTNERS

THE AIRE CENTRE
Advice on Individual Rights in Europe

# Бизнис, човекови права и животна средина

## Иднината на одржливиот бизнис во Западен Балкан





SUSTINERI PARTNERS

THE AIRE CENTRE
Advice on Individual Rights in Europe

# Бизнис, човекови права и животна средина

## Иднината на одржливиот бизнис во Западен Балкан

**Уредници:**

**Биљана Брејтвејт** [Biljana Braithwaite], Програмска директорка за Западен Балкан (AIRE Центар), Основачки партнер и Главен извршен директор (Sustineri Partners)

**д-р Марија Јовановиќ** [Dr Marija Jovanovic], Предавач по право (Универзитет Есекс), Основачки партнер (Sustineri Partners)

**Главни придонесувачи:**

**д-р Марија Јовановиќ** [Dr Marija Jovanovic], Предавач по право (Универзитет Есекс), Основачки партнер (Sustineri Partners)

**Александра Њагуљ** [Aleksandra Njagulj], ЕСГ експерт за управување со инвестиции, Основачки партнер (Sustineri Partners)

**Едвард Милет** [Edward Millett], Правен истражувач (AIRE Центар)

**Алисија Лавсон** [Alicia Lawson], Правен истражувач (AIRE Центар)

Благодарност и до **Кејти Скарлет - Ветерол** [Katie Scarlett-Wetherall] и **Невена Костиќ** [Nevena Kostić] за нивниот придонес кон оваа публикација.

© 2021 Sustineri Partners

Тираж 250

Изворната верзија на англиски јазик е исто така преведена на босански/ хрватски/црногорски/српски, албански и македонски јазик.

Превод од англиски на македонски јазик: Катерина Жатева

Стручна и јазична редакција на македонското издание: Велимир Деловски

Дизајнирано од Kliker Dizajn

Печатено од Kuca Stampe Plus



# Бизнис, човекови права и животна средина - Иднината на одржливиот бизнис во Западен Балкан

## Резиме

Во последните децении се бележат значајни промени во перцепциите за улогата и одговорноста на деловните претпријатија во обезбедувањето заштита на човековите права и на стандардите за животната средина. Механизмите на „мекото“ право, како што се Водечките принципи на Обединетите нации за бизнис и човекови права (ВПОН) сега се суштинска компонента, не само за корпоративните општествено одговорни компании, туку и за правниот поредок. Тие влијаат на синџирите на снабдување, набавување, финансиската усогласеност и инвестициските стратегии во секој комерцијален сектор. Истовремено, многу корпорации сè повеќе ја препознаваат водечката „додадена вредност“ во оваа област која е во развој. Придобивките што треба да се стекнат во однос на профитабилноста, отпорноста и долгорочната одржливост на глобалните синџири на вредности нудат големи можности за деловните претпријатија да работат и да бидат „подобри“.

Оваа публикација ја прикажува таквата промена. Обезбедува широк преглед на регулаторната рамка која се однесува на бизнисот и на човековите права – на меѓународно, национално и регионално ниво  во Западен Балкан – и го презентира бизнис случајот за подобро усогласување со стандардите во врска со човековите права и животната средина на корпоративните чинители. Има за цел да ја покрене оваа важна тема со владите, деловните претпријатија и

граѓанското општество во регионот на Западен Балкан, во светло на итната потреба за приклучување кон меѓународните одржливи корпоративни стандарди. Поголемата свесност и ангажираност ќе биде од суштинско значење за зголемување на трговијата, намалување на невработеноста и обезбедување учество во глобалната и ЕУ економија.

Овој преглед е прв во серијата; Ќе следат тематски публикации кои ќе опфатат конкретни прашања од бизнисот, човековите права и животната средина (БХРЕ). Се надеваме дека серијалот ќе ја постави основата за потемелна проценка на правните, политичките и институционалните рамки и релевантната практика во шесте јурисдикции на Западен Балкан (ЗБ6). Се надеваме дека ова ќе им помогне во движењето низ комплексната и брзорастечка правна област и во областа на регулативата, да истражат стратешки партнерства и да ги искористат достапните придобивки.

## Меѓународна и домашна регулатива

Меѓународните инструменти за човекови права традиционално ги обврзуваат само државите и само во рамките на нивните територијални јурисдикции. Меѓутоа, ова традиционално гледиште е доведено во прашање со забрзаниот тренд на препознавање на улогата што ја има бизнисот во исполнувањето на обврските содржани во таквите договори. Дополнително, обврските во врска со човековите права почнуваат да се прошируваат на корпоративните национални активности на екстериторијален начин.

Иницијативите во домашното законодавство ги надополнуваат таквите меѓународни трендови, создавајќи сè покомплексна регулатива за корпоративните чинители. Во Обединетото Кралство, Австралија, Франција, Холандија, Германија и Норвешка веќе е усвоено законодавство кое наметнува задолжителни обврски на корпоративните чинители, кое се однесува на стандардите во врска со човековите права и животната средина во нивните

синџири на вредности. Претстојната Директива на ЕУ за длабинска анализа (*due diligence*) на животната средина и човековите права (ХРДД) се очекува да го обедини овој сплет на домашни закони во покохерентен стандард за целиот регион. Предложената Директива бара од земјите-членки да спроведат „ефективна длабинска анализа“ (‘*effective due diligence*’) од страна на деловните претпријатија, вклучително и обврска за идентификување, спречување, ублажување и отстранување на штетите по однос на човековите права низ нивните синџири на вредности. Поради тоа, ефектите ќе се почувствуваат многу подалеку од границите на правните јурисдикции. Секој ентитет кој остварува деловна соработка или се надева дека ќе остварува со деловни претпријатија со седиште во ЕУ, ќе биде изложен на зголемена контрола на своите практики во врска со човековите права и одржливоста.

## Трендови во судските постапки

Домашните и меѓународните судови се сè повеќе подготвени да ги повикаат компаниите и државите на одговорност за кршење на човековите права и деградација на животната средина. Имено, многу првично незадолжителни обврски од „мекото“ право кои се однесуваат директно на бизнисот, како што се ВПОН, ефикасно се зацврстуваат преку зголемениот број на судски спорови пред домашните судови, со реални импликации врз одговорноста на деловните претпријатија.

Конкретно во Европа, во тек е бран на судски постапки кои се обидуваат да ја разјаснат заедничката одговорност и на државите и на бизнисите за ублажување на штетите од човековите права и дополнително, врската помеѓу човековите права и климатските промени. Во два поединечни случаи во Холандија, судовите најпрво ја прогласија холандската држава (*Фондацијата Ургенда против државата Холандија* [*Urgenda Foundation v State of the Netherlands*]), а потоа *Ројал Дач Шел* (*Милиеудефенсие и др. противРојал Дач Шел* [*Milieudefensie et al. v Royal Dutch Shell*]) како одговорни за

непостапување по однос на климатските промени. Потпирајќи се на Парискиот договор, првиот случај беше првата одлука на кој било суд во светот со која и се наложува на една држава да ги ограничи емисиите на стакленички гасови поради причини различни од оние кои се законски утврдени. Во вториот случај се заклучи дека согласно ВПОН и Насоките на ОЕЦД за мултинационалните претпријатија, корпорациите имаат одговорност да ги почитуваат човековите права, без оглед на тоа дали државите преземаат акција во однос на тоа. Во случајот *Чаудури и други против Грција* [*Chowdury and Others v. Greece*] Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) утврдил дека грчката држава е одговорна за прекршување на забраната за принудна работа наметната од чинители од приватниот сектор. Четвртиот случај што бил покренат од шест португалски деца и млади лица против 33 земји-членки на Советот на Европа ќе биде првата апликација поднесена пред ЕСЧП која е експлицитно поврзана со климатските промени. Доколку биде успешна, обврската на државите да се грижат за заштитата на животот ќе се прошири и на намалувањето на емисиите. Ова ќе има значителни индиректни последици за бизнисите.

## „Бизнис случајот“ за зголемување на стандардите за длабинска анализа (*due diligence*) во однос на човековите права

Комерцијалните стимулации за бизнисите да имплементираат подобрени стандарди за длабинска анализа (*due diligence*) на човековите права, се позитивни и негативни. Негативните или факторите засновани на санкции вклучуваат избегнување на правни, репутациски и финансиски ризици. Како што е опишано, новите домашни правила и правилата на ниво на ЕУ во Европа се применуваат екстериторијално низ синџирите на вредности. За компаниите од Западен Балкан кои обезбедуваат стоки и услуги на потрошувачите и деловните клиенти во ЕУ, како и нивните низводни синџири на снабдување, ова претставува сè позначаен двигател кон подобрување на стандардите.

На пример, Германскиот закон за длабинска анализа (*due diligence*) во синџирите на снабдување во корпорациите, се применува за обезбедување на производи и услуги, на која било локација, за секоја компанија која вработува 3.000 вработени во Германија. Позитивните или факторите засновани на стимулација вклучуваат можности за воспоставување или подобрување на репутацијата и на регионално и на глобално ниво, обезбедување на нови деловни потфати, добивање на заеми и инвестиции, зголемување на продуктивноста и долгорочен профит и привлекување и задржување на посветените работници. Бројни докази за поврзаноста помеѓу добрите работни услови, продуктивноста и профитабилноста, покажуваат дека бизнисите кои спроведуваат агенда на „препознаен личен интерес" ќе добијат значителни придобивки од спроведувањето на поодржливи деловни практики. Тие исто така имаат корист од поголем пристап до инвестиции. Истражувањето на Блумберг покажа дека во првиот квартал од 2020 година, одржливите инвестициски производи имале подобри резултати од производите што не ги инкорпорирале стандардите за грижа за животната средина, општеството и корпоративното управување (ЕСГ). Очигледно, таквите инвестиции се сметаат за доволно отпорни да ги издржат периодите на сериозна економска несигурност: ги зајакнуваат основите на операциите на синџирот на снабдување, влијаат и ја ублажуваат изложеноста на климатски ризици и фаворизираат перспектива на долг рок.

Исто така, ЕСГ инвестирањето сè повеќе се регулира законски. Најистакнатиот правилник кој се појавува е Регулативата на ЕУ за објавување информации за одржливо финансирање (СФДР). Со неа се бара финансиските советници, менаџерите на средства, банките и другите учесници на пазарот да обелоденат релевантни информации поврзани со ЕСГ за компаниите. Сепак, илјадници инвеститори исто така се потпишаа и за доброволни стандарди. Принципите за одговорно инвестирање (ПРИ) и Работната група за објавување на финансиски информации поврзани со климата (ТЦФД) се само две од највлијателните. Повторно, се работи за препознаен личен интерес. Финансиските институции започнаа да препознаваат дека

„климатскиот ризик е деловен ризик“ и дека репутацискиот ризик, од инвестиции кои им штетат на луѓето, планетата и угледот, едноставно не вреди да се преземаат.

## Преглед на контекстот на Западен Балкан

Постои итна потреба да се испита како стандардите дискутирани погоре се операционализирани во јурисдикциите на Западен Балкан. Овие јурисдикции се соочуваат со постојан притисок за усогласување на нивното соодветно законодавство со правото на ЕУ. Дополнително, неодамна усвоената Зелена агенда за Западен Балкан и Механизмот за прилагодување на границите на јаглерод ќе имаат значително влијание врз бизнисите во регионот. Поради високото ниво на невработеност во регионот, привлекувањето на странски инвестиции е приоритетно прашање на државните политики. Како резултат на тоа, компаниите во регионот ќе добијат многу од инкорпорирањето на агендата на БХРЕ во нивното комерцијално планирање за да продолжат со привлекување на странски инвестиции. Конечно, бројните примери на јавни скандали и предизвици извршени врз животната средина и човековите права во регионот, служат како остар потсетник дека недоволното внимание за потенцијалното влијание врз човековите права и животната средина како резултат на деловното работење, може да резултира со општествени превирања и политичка нестабилност. Истовремено, присуството на големи мултинационални инвеститори во регионот кои доброволно ги прифаќаат најдобрите практики и понатаму инвестициите во регионот условени од ЕУ, отвораат простор за поширока интеграција и имплементација на стандардите за човекови права и животна средина.

## Заклучоци и придвижување на чекор напред

Врската помеѓу потребата за зачувување и унапредување на човековите права и животната средина од една страна и моменталното глобално комерцијално опкружување од друга, станува се појасна.

Тоа е барање и на потрошувачите и на инвеститорите и начин на намалување на ризикот во синџирите на снабдување и инвестиции во ера на голема неизвесност од геополитички закани, климатски промени и Ковид-19. Во тек е брзорастечко движење според кое заштитата на човековите права и животната средина се компатибилни, па дури и услов за комерцијален успех.

Бројни докази од деловната практика покажуваат дека одржливиот комерцијален пристап е секако можен и ја претставува иднината на глобалната трговија. Јасно е дека возот кон задолжителна и поширока заштита ја напушти станицата. Дали бизнисите ќе имаат корист или ќе загубат од овој факт ќе се одреди во зависност од тоа во кој момент ќе изберат да се придружат. Оние кои порано и доброволно ќе ги вградат добрите практики, транзицијата ќе им биде поекономична и ќе уживаат во повеќе предности и можности во однос на конкуренцијата. Компаниите и државите кои ќе продолжат да го игнорираат трендот, го прават тоа на нивна штета.



# Содржина

**1. Вовед ........................................................................................ 15**

**2. Регулаторна рамка за бизнисот и човековите права ............. 20**
Меѓународно право ........................................................................ 20
Нацрт Договорот на ОН за бизнис и човекови права и претстојната Директива на ЕУ за претходна проверка на животната средина и човековите права .......... 23
Меко право ..................................................................................... 24
Домашното законодавство во Европа ......................................... 31
Судски постапки во врска со бизнисот и човековите права ........................................................................ 32

**3. Бизнис случај за усогласеност со човековите права .............. 36**
Двигатели на комерцијални промени ......................................... 36
Негативни / засновани на санкции двигатели ........................... 36
Позитивни / „стимулативни“ двигатели ..................................... 40
Финансиски услуги ........................................................................ 44
Листи за исклучување ..................................................................... 50

**4. Регионален контекст: Бизнис, човекови права и животна средина во Западен Балкан ........................... 52**

**5. Заклучоци ...................................................................................... 58**

**Листа на кратенки ......................................................................... 61**



# 1. Вовед

„Одржлив развој“ прерасна во поим кој сѐ повеќе се инкорпорира и ја креира институционалната и корпоративната култура и одлучувањето. 17-те Цели за одржлив развој (ЦОР), создадени од сите земји-членки на Обединетите нации (ОН) во 2015 година, воспоставиле низа на заеднички цели кои треба да се постигнат до 2030 година. Успешната имплементација на овие цели се заснова на сопствените политики за одржлив развој на земјите и нивните национални рамки, при што се очекува од сите засегнати страни вклучувајќи го приватниот сектор и граѓанското општество, да придонесат за реализација на агендата за одржлив развој.

На тој начин, бизнисот и човековите права, вклучително и заштитата на животната средина (БХРЕ), стана област која е во подем, со ново законодавство и судски пресуди кои набрзо почнаа да се појавуваат. На меѓународно ниво, во тек се иницијативи за усвојување на Договорот на ОН за бизнис и човекови права[1] и Директивата на Европската Унија (ЕУ) за спроведување на длабинска анализа (*due diligence*) во корпорациите.[2] На домашен терен, законодавство кое создава задолжителни обврски за чинителите во бизнис секторот во врска со повредите на човековите права во нивниот синџир на вредности, е усвоено во Обединетото Кралство, Австралија, Франција, Холандија и неодамна во Германија и Норвешка, особено, од тринаесетте држави кои или дискутирале или усвоиле законодавство за спроведување на длабинска анализа (due diligence), од кои десет се членки на ЕУ.[3] Покрај овие

1 Третиот ревидиран нацрт Договор штотуку беше објавен и ќе послужи како основа за директни суштински меѓувладини преговори предводени од државите за време на седмата сесија на отворената меѓувладина работна група за транснационални корпорации и други деловни претпријатија во однос на човековите права, што се одржа во октомври 2021 година.

2 Европскиот парламент го усвои текстот (P9TA(2021)0073), 10 март 2021 година.

3 Единаесет, вклучително и Обединетото Кралство.

иницијативи во законодавствството, домашните и меѓународните судови се сè повеќе подготвени да ги повикуваат на одговорност корпорациите и државите поради повреда на човековите права и деградација на животната средина која произлегува од деловните активности. Домашните судови во европските држави, повторно го предводат овој тренд. Неодамна, холандскиот Висок суд утврдил дека политиката на одржливост на Ројал Дач Шел (Royal Dutch Shell) била недоволно „конкретна" и наредил намалувањето на емисиите на Шел и нејзините добавувачи и купувачи да се усогласи со Парискиот климатски договор.[4] Во Обединетото Кралство (ОК), Врховниот суд одлучил дека тужбата против Шел поднесена од две нигериски заедници погодени од загадувањето од нафтата може да продолжи пред англиските судови.[5]

Заедно со регулацијата и законодавно-правните трендови, заштитата на човековите права и животната средина брзо се искачи на приоритетите на бизнисот и инвеститорите на глобално ниво. Инвестициите кои се засноваат на животната средина, општеството и корпоративно управување (ЕСГ) пораснаа со експоненцијално темпо од 2011 година (види Слика 1). До 2025 година, компаниите кои управуваат со средства, кои се оценети како одржливи и во согласност со новите норми за заштита на животната средина и општествената одговорност ќе сочинуваат една третина од вкупните *компании кои управуваат со средства на глобално ниво* - околу 50 трилиони долари.[6] Одржливите бизнис практики очигледно брзо преминале од Целите за одржлив развој на ОН, до тоа да станат клучен дел од современиот бизнис.

4 *Милиеудефенсие и др. против Ројал Дач Шел [Milieudefensie et al. v Royal Dutch Shell]* [2021] C/09/571932 / HA ZA 19-379.

5 *Окпаби и други против Ројал Дач Шел Плц и други [Okpabi and others v Royal Dutch Shell Plc and another]* [2021] UKSC3.

6 Блекрок [Blackrock], „Одржливо инвестирање: издржливост во услови на неизвесност" (март 2020 година).




Забелешка со објаснување: врз основа на взаемни класи на акции наменети за институционални инвеститори. Извори на податоци: експерт за заеднички фонд STEELE, податоци од Morningstar, дополнети со истражување и анализа спроведена од Sustainable Research and Analysis LLC; проспекти за фондови и сродни документи за понуда

*Слика 1. Извор: Sustainableinvest.com*[7]

Последните неколку децении донесоа значајна промена во перцепциите за улогата и одговорноста на различните субјекти за обезбедување заштита на човековите права. Меѓународните инструменти за човекови права, главно воспоставени од 1950-тите наваму, наметнале обврски директно врз државите. Сепак, иако државите се примарно сеуште одговорни за усогласеноста со таквите инструменти, сè повеќе се прифаќа тоа дека почитувањето на човековите права не е исклучива одговорност на државите.[8]

Меѓународно договорените механизми како што се Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права (ВПОН) и Целите за одржлив развој на ОН (ЦОР) сега ги креираат деловните практики на големите мултинационални корпорации и сè повеќе, нивните комерцијални партнери, подизведувачи и подружници во глобалниот синџир на

7 Sustainableinvest.com, Деценија на инвестирање во одржливи фондови: 10 години/10 графикони https://www.sustainableinvest.com/sustainable-investing-decade/

8 Видете подолу резиме на домашните законодавни рамки.

вредности. Иако овие механизми претставуваат необврзувачко „меко право“, тие постепено се зајакнуваат преку судски спорови и реформи во законодавството со цел нивно инкорпорирање во домашното право. Така, во гореспоменатата одлука на холандскиот Висок суд против Шел, судот заклучил дека согласно ВПОН и насоките на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), корпорациите имаат одговорност да ги почитуваат човековите права без оглед на тоа дали државите преземале активност.

Според тоа, промената на перцепциите за улогата и одговорноста на деловните претпријатија да ги почитуваат човековите права, се случува не само во Стразбур, Њујорк и Женева, туку и во управувачките одбори, супермаркетите и работните места ширум светот. Почитувањето на човековите права стана составен дел за потрошувачите, производителите, добавувачите, акционерите и директорите, како што е составен дел за креаторите на политиките и законодавците. Тоа сигнализира постепено, но неповратно, поместување кон побарувачка за општествено одговорен глобален економски развој.

И покрај овие глобални случувања, агендата на БХРЕ досега добиваше помалку внимание во Западен Балкан, како од владите, така и од приватниот сектор. Ретки се иницијативите во регионот кои се обидуваат да го решат прашањето за одржливи деловни практики на сеопфатен и осмислен начин. Сепак, постои итна потреба за вклучување во оваа дискусија, со оглед на зголемената свест за влијанието на деловните претпријатија врз општеството и одговорноста и на владите и на деловните претпријатија да управуваат и да го контролираат таквото влијание. Во светло на глобалните трендови на полето на бизнисот, човековите права и животната средина, опфатени во оваа студија и зголемениот број на деловни претпријатија кои се залагаат за оваа агенда – без разлика дали се должи на растечкиот притисок од регулативата, „притисокот од колегите“ или препознаениот личен интерес – императив е регионот на Западен Балкан да остане во тек со ваквите глобални

случувања. Тоа што овие трендови земаат замав особено во земјите на ЕУ создава дополнителен поттик, бидејќи регионот се обидува да ги максимизира своите заложби за трговија и пристапување кон ЕУ.

Со идејата за споделување на оваа важна тема со владите, деловните субјекти и граѓанското општество, во соработка со организациите и експертите вклучени во оваа публикација, ќе бидат изработени низа тематски публикации кои ќе се занимаваат со одбрани прашања во врска со бизнисот, човековите права и животната средина. Тематските публикации ќе се фокусираат на прашањата како што се стандардите за работа, заштитата на животната средина, родовата рамноправност, приватноста, правото на здравје и друго. Овие тематски публикации ќе ги презентираат и објаснат релевантните меѓународни стандарди, компаративната пракса и новите трендови кои се однесуваат на одредена тема. Публикациите ќе се обидат да ги идентификуваат клучните предизвици и да обезбедат основа за потемелна проценка на правните, политичките и институционалните рамки и релевантната пракса во шест јурисдикции на Западен Балкан (ЗБ6) за да им помогне да се справат со комплексната и брзорастечка правна област и областа на регулативата.[9]

Со оглед на брзото темпо на развој на оваа област, секоја тематска публикација ќе биде изработена во соработка со голем број засегнати страни од регионот на Западен Балкан, со намера да се запознаат деловните лидери и креаторите на политиките со ова истакнато глобално прашање, како и неговото зголемено значење за современа деловна практика и креирање политики. Со надеж дека работата на тематските публикации и активностите за нивно промовирање ќе иницираат партнерства помеѓу релевантните меѓународни и домашни чинители за да се стави ова прашање во првите редови на вниманието на јавноста и да се истражи потенцијалот за соработка на конкретни иницијативи во иднина. Оваа публикација е прва во серијата и дава преглед на агендата за бизнисот и човековите права,

9 Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

клучните случувања и релевантните рамки, како и бизнис случајот за усогласеноста со човековите права.

Во останатиот дел од оваа студија, се дава преглед на регулаторната рамка која се однесува за бизнисот и човекови права – вклучувајќи ги меѓународните правни инструменти, мекото право и трендовите во судските постапки – пред да се испита „бизнис случајот“ (‘business case’) за зголемените стандарди при спроведување на длабинска анализа (*due diligence*) во врска со човековите права, заедно со преглед во контекст на регионот на Западен Балкан.

## 2. Регулаторна рамка за бизнисот и човековите права

Значајниот проактивен приод во законодавството во областа на бизнисот и човековите права, вклучително и одговорното/ЕСГ инвестирање, корпоративната отвореност и одговорноста на синџирот за снабдување, е можен предзнак за зголемениот интерес во областа, од страна на владите и општеството генерално. За компаниите, овие прашања значително се развија од прашања за корпоративна општествена одговорност во прашања за усогласеност со регулативата и станаа фундаментални за корпоративниот идентитет и углед.

### Меѓународно право

Меѓународните договори за човекови права првенствено ги обврзуваат *државите*, не *деловните претпријатија* или *организациите* да обезбедат почитување на човековите права во нивните правни системи. Според Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП), земјите-членки се должни, на пример, да забранат ропство/присилна работа (член 8) и да го зачуваат правото на слобода на здружување (член 22), но договорот не ги обврзува самите компании кои имаат седиште во рамките на државите.

Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (МПЕСКП), со кој се утврдени основните економски, социјални и културни права, ги регулира правата како што се правото на работата (член 6), правични и поволни работни услови (член 7), формирањето синдикати и работничките штрајкови (член 8), како и права на соодветен животен стандард, на највисоки достапни стандарди на физичко и ментално здравје и на образование и уживање во придобивките од културната слобода и научниот напредок.

Сепак, Комитетот за економски, социјални и културни права (КЕСКП) – тело на независни експерти задолжени за следење на спроведувањето на МПЕСКП – експлицитно ја констатираше „одговорноста“ на приватните претпријатија за остварување на правата на работа и правични и поволни услови за работа.[10] Според тоа, согласно Општиот коментар бр. 18 за правото на работа „приватните претпријатија – националните и мултинационалните – иако не се обврзани со Пактот, имаат посебна улога во создавањето работни места, политики за вработување и недискриминаторскиот пристап до работа,[11] додека согласно Општиот коментар бр. 23 за

10 КЕСКП, „Општ коментар бр. 18: Правото на работа (чл. 6 од Пактот)“, UN Doc E/C.12/GC/18, (6 февруари 2006 г.) пара. 52; КЕСКП, „Општ коментар бр. 23 (2016) за правото на правични и поволни услови за работа“, UN Doc E/C.12/GC/23 (27 април 2016) пара. 74–75. Видете исто така Водечки принципи на ОН за бизнис и човекови права, принципи 11, 12, 22 и 23. КЕСКП неодамна го издаде „Општиот коментар бр. 24 (2017) за државните обврски според МПЕСКП во контекст на деловните активности“, UN Doc. E/C.12/GC/24 (10 август 2017 година), каде што ја зајакна својата претходна позиција дека „[сегашниот општ коментар се однесува на државите членки на пактот и во тој контекст се занимава само со однесувањето на приватните чинители – вклучително и деловни субјекти – индиректно“. Сепак, истиот документ, исто така, наведува дека „според меѓународните стандарди, од деловните субјекти се очекува да ги почитуваат правата од Пактот без оглед на тоа дали постојат домашни закони или целосно се спроведуваат во пракса“.

11 КЕСКП, „Општ коментар бр. 18: Правото на работа (чл. 6 од Пактот)“, UN Doc E/C.12/GC/18, (6 февруари 2006 г.) пара. 52.

правото на правични и поволни услови за работа на сличен начин „деловните претпријатија … имаат одговорност да го почитуваат правото на правични и поволни услови за работа, избегнувајќи какви било повреди и справување со каква било злоупотреба на правото како резултат на нивните постапувања“.[12] Понатаму, КЕСКП нагласи дека обврските на државите да ги остварат правата на работа и правичните и поволни услови за работа во домашното законодавство опфаќаат должност да обезбедат дека нивните деловни субјекти ги почитуваат овие права во нивните екстериторијални активности.[13] Ова сигнализира оддалечување од традиционалниот став дека меѓународните обврски на државите се применуваат само во рамките на нивната територијална јурисдикција. Слично размислување се применува и во однос на другите права на МПЕСКП, како што се правото на храна, правото на здравје или правото на вода,[14] како и од други договорни тела на ОН.[15]

Покрај општите инструменти за човекови права, широк опсег на инструменти се однесуваат на специфични прашања релевантни за деловните претпријатија во различни области на делување. Тие вклучуваат конвенции изготвени од Меѓународната организација на трудот (МОТ) кои се релевантни за регулирање на работните односи, клучна област за почитување на човековите права во трговијата[16],

12 КЕСКП, „Општ коментар бр. 23: Правото на праведни и поволни услови за работа“, UN Doc E/C.12/GC/23 (27 април 2016) пара. 75.

13 КЕСКП, „Општ коментар бр. 18: Правото на работа (чл. 6 од Пактот)“, UN Doc E/C.12/GC/18, (6 февруари 2006 г.) пара. 30; CESCR, „Општ коментар бр. 23 (2016) за правото на правични и поволни услови за работа“, UN Doc E/C.12/GC/23 (27 април 2016) пара. 70.

14 Види КЕСКП, „Општ коментар бр. 24 (2017) за државните обврски според МПЕСКП во контекст на деловните активности“, UN Doc. E/C.12/GC/24 (10 август 2017) пара. 25–37.

15 Комитет на правата на децата, „Општ коментар бр. 16 (2013) за државните обврски во врска со влијанието на деловниот сектор врз правата на децата“,UN Doc CRC/C/GC/16 (17 април 2013) пара. 38–46.

16 Осумте основни работнички конвенции на МОТ се: Конвенција за слобода на здружување и заштита на правото на организирање, 1948 година (бр. 87);

Меѓународната конвенција за заштита на правата на сите работници мигранти и членовите на нивните семејства, Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ) и многу други.

## Нацрт Договорот на ОН за бизнис и човекови права и претстојната Директива на ЕУ за претходна проверка на животната средина и човековите права

Од 2014 година, преговорите во врска со Договорот за бизнис и човекови права на Советот за човекови права на ОН, чиј трет нацрт бил објавен во 2021 година,[17] се во тек. Договорот ќе бара задолжителна длабинска анализа (*due diligence*) во врска со човековите права на меѓународно ниво, зајакнување на механизмите за обесштетување на жртвите и поставување на ВПОН на поцврста законодавна основа - уште еден знак за трендот на глобално ниво, преминување од рамките на „мекото право“ до инструментите на „тврдото право“ што ги регулираат активностите на приватните претпријатија во однос на човековите права. Сепак, многу држави, вклучувајќи ги САД, ЕУ и Обединетото Кралство се повлекоа од преговарачкиот процес наведувајќи ги основните недостатоци во пристапот, што значи дека постои ризик Договорот никогаш да не биде финализиран. Сепак, преговорите го сигнализираат степенот на интерес на глобално ниво за регулирање на деловното однесување во однос на човековите права, иако сега е веројатно дека ќе биде постигнат поголем законодавен напредок на домашно и на регионално ниво.

---

Конвенција за право на организирање и колективно договарање, 1949 година (бр. 98); Конвенција за принудна работа, 1930 година (бр. 29) (и нејзиниот протокол од 2014 година); Конвенција за укинување на принудна работа, 1957 година (бр. 105); Конвенција за минимална возраст, 1973 година (бр. 138); Конвенција за најлоши форми на детски труд, 1999 година (бр. 182); Конвенција за еднакви наградувања, 1951 година (бр. 100); Конвенција за дискриминација (вработување и професија), 1958 година (бр. 111).

17 Третиот ревидиран нацрт на Договорот беше објавен во август 2021 година.

На пример, ЕУ развива специфично законодавство во оваа област. Покрај законодавната програма на ЕУ во однос на одржливото финансирање наведено во делот 3 подолу, на ниво на ЕУ има придвижување кон создавање на збир правила за длабинска анализа (*due diligence*) во врска со животната средина и човековите права. Текстот на нацрт-директивата сега е усвоен од страна на Европскиот парламент, кој ќе бара „ефективна длабинска анализа" (‘*effective due diligence*’) од компаниите во однос на човековите права, животната средина и доброто управување. Според нацрт-законот, од компаниите ќе се бара да имплементираат внатрешни механизми за жалби и стратегија за длабинска анализа (*due diligence*) која ги решава следните прашања: специфицирање на актуелните или потенцијалните негативни влијанија врз човековите права; мапирање на синџирот на вредности и откривање на релевантни информации (имиња, локации, производи, добавувачи, подружници, деловни партнери); усвојување и укажување на политики и мерки за спречување или ублажување на влијанијата врз човековите права; воспоставување стратегија за одредување приоритети каде што сите негативни влијанија не можат да се решат истовремено; и воспоставување соодветни политики, рамковни договори, договорни клаузули, кодекси на однесување и контроли.[18] Високиот степен на јавна поддршка за таквото законодавство треба да дејствува како поттик за деловните претпријатија да ги интегрираат таквите практики порано.[19]

## Меко право

Повеќето меѓународни правни инструменти ја регулираат активноста на државите, што може да доведе до значителен јаз

18 Европскиот парламент го усвои текстот (P9_TA(2021)0073), 10 март 2021 година.

19 Европска коалиција за корпоративна правда, „Огромна јавна поддршка за правото на ЕУ за да ги смета компаниите одговорни за кршење на човековите права и за штети врз животната средина" (13 октомври 2021 година) достапна на: https://corporatejustice.org/news/poll-shows-overwhelming-public-support-for-eu-law-to-hold-companies-liable/.

помеѓу обврските на државите кои произлегуваат од меѓународното право за човекови права од една страна и обврската на деловните претпријатија кои работат на тие територии од друга страна. Во отсуство на домашно законодавство, механизмите на мекото право се обидуваат да го премостат овој јаз со утврдување на стандарди кои компаниите треба да ги почитуваат и да се придржуваат без оглед на тоа каде работат.

Најзначајните од нив се Водечките принципи за бизнис и човекови права на ОН (ВПОН), одобрени во 2011 година од страна на Советот за човекови права на ОН, кои стануваат златен стандард за одредување на одговорноста на деловните претпријатија за човековите права. ВПОН се темелат врз три столба: „Рамка на заштита, почитување и правни лекови“

### Рамка на заштита, почитување и правни лекови од 2008

- Државите имаат одговорност да обезбедат **заштита** на човековите права од злоупотреба од трети страни, вклучително и од деловните претпријатија, преку воспоставување на соодветни политики, законодавство, регулативи и судска заштита.

- Деловните претпријатија мора да ги **почитуваат** човековите права, што значи да направат длабинска анализа (*due diligence*) за да избегнат повреда на правата на другите и да се справат со негативното влијаније во што се вклучени.

- Жртвите на злоупотреба на човековите права поврзани со деловните претпријатија мора да имаат пристап до ефективен **правен лек** и судски и вонсудски.

Имено, вториот столб на ВПОН ги обврзува деловните претпријатија да ги почитуваат човековите права каде и да ги обавуваат своите дејности. Според овој столб, кога националните закони се под стандардот на меѓународно признатите човекови права, деловните претпријатија треба да го почитуваат повисокиот стандард. Кога тие повисоки стандарди се во спротивност со националните закони, деловните претпријатија треба да бараат начини да ги почитуваат принципите на тие стандарди во рамките на националното законодавство.

Оперативните принципи на ВПОН ги детализираат практичните чекори што деловните претпријатија мора да ги преземат за да ја исполнат својата обврска за почитување на човековите права. Прво, од деловните претпријатија се бара да спроведат обврзувачки политики (принцип 16) во оваа смисла. Второ, тие мора да преземаат континуирани длабинска анализа (*due diligence*) на човековите права за да ги идентификуваат, спречат, ублажат и да понесат одговорност за нивното влијание врз човековите права (принципи 17 – 21). Трето, тие мора да имаат воспоставено процеси со кои ќе овозможат обесштетување на какво било негативно влијание врз човековите права кое тие го предизвикале или кон кое придонеле (принцип 22). Затоа, ВПОН нудат водич за тоа како деловните претпријатија може да дејствуваат на начин кој ги почитува човековите права, преку придржување до релевантните основни и оперативни принципи.

И покрај нивната природа на „меко право“, широкото прифаќање и усвојување на UNGP од страна на државите и деловните претпријатија, како глобално признат критериум и неизбежната глобална „насока на движење“ кон поцврста регулаторна средина за деловните претпријатија во однос на човековите права, не треба да се потценува. Еден од начините на кој може да се согледа нивното влијание е во законодавството на ниво на ЕУ и во домашното законодавство, кои сѐ повеќе се потпираат на Принципите на ОН во однос на обврските на деловните претпријатија да ги заштитат, почитуваат и да ги ремедираат повредите на човековите права. Во

*Мекото право се зацврстува: Милиеудефенсие против Ројал Дач Шел [2021] [Milieudefensie v Royal Dutch Shell] [2021]*

Холандските судови се повикале на ВПОН да утврдат задолжителни обврски за Шел во однос на Парискиот договор.

Обврската со мекото право сè уште наметнува конкретни одговорности на деловните претпријатија.

еден значаен неодамнешен пример, холандските судови презедоа чекор напред повикувајќи се на принципите на ОН во домашната судска пракса, што на некој начин ги „зацврсти“ овие принципи на мекото право во позадолжителни обврски за приватните компании.[20] Во друга ситуација, Интер-американскиот суд за човекови права (ИАСЧП) неодамна ги поддржа ВПОН во случајот што го покренаа домородните групи против државата Суринам во врска со доделувањето лиценци за рударство на различни приватни компании.[21] Овие случаи не ја покажуваат само релевантноста на мекото право во поттикнувањето на очекувањата и освестеноста. Тие демонстрираат дека на очекувањата што ги има општеството од деловните претпријатија, се повеќе им се пристапува како на законски обврски. Навистина, терминот „Општествена лиценца за работа“ е интегриран во различни неодамнешни инструменти на Обединетите нации за бизнис и човекови права, вклучително и ВПОН. Ова му дава законска рамка на динамичниот концепт на корпоративната општествена одговорност.[22]

20 *Милиеудефенсие и др. против Ројал Дач Шел (Milieudefensie et al. v Royal Dutch Shell)* C/09/571932 / HA ZA 19-379.

21 *Случај на народите Калиња и Локоно против Суринам [Case of the Kaliña and Lokono Peoples v Suriname]*, IACHR, 25 ноември 2015 година.

22 Карин Буман (Karin Buhman), „Јавни регулатори и ЦСР: „Општествена лиценца за работа“ во неодамнешните инструменти на Обединетите нации за бизнис и човекови права и јуридификација на ЦСР“ (2016) 136 (4) Часопис за деловна етика 699.

Другиот клучен механизам за меко право се Насоките за мултинационални претпријатија на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД). Првпат усвоени во 1976 година, Насоките на ОЕЦД се препораки за мултинационалните претпријатија (МНП) за одговорно корпоративно однесување. Иако насоките на ОЕЦД не се правно обврзувачки за претпријатијата, тие се обврзувачки за владите потписнички, од кои се бара да обезбедат дека Насоките се имплементираат и почитуваат. Четириесет и девет земји во светот се придржуваат до Насоките, вклучително и повеќето земји од ЕУ/ЕЕА, САД, Обединетото Кралство, Канада, Бразил, Турција и Јужна Кореја. Во Дел I од Насоките на ОЕЦД се наведени препораките за деловните субјекти со седиште во држава која се придржува до работничките права, човековите права, животната средина, обелоденувањето информации, борбата против корупцијата, интересите на потрошувачите, конкуренцијата, оданочувањето и правата на интелектуална сопственост. Во Дел II од Насоките на ОЕЦД се поставуваат процедуралните насоки за спроведување на препораките содржани во првиот дел.

Насоките на ОЕЦД, исто така, бараат од земјите кои се придржуваат да воспостават домашен механизам за правни лекови поддржан од владата во форма на Национални канцеларии за контакт (НКК). Според Насоките на ОЕЦД, од секоја влада што се придржува се очекува да воспостави НКК за да ги промовира Насоките на ОЕЦД и да постапува по жалби против претпријатија за кои се тврди дека не ги исполниле стандардите на Насоките. НКК може да постапуваат по жалби за наводни повреди на Насоките што се случуваат или во земјата на НКК од страна на МНП со седиште било каде во светот или каде било во светот од страна на мултинационално претпријатие со седиште во земјата на НКК.

Севкупно, насоките на ОЕЦД претставуваат важна алатка за граѓанското општество, да се заинтересира за мултинационалните претпријатија и да разоткрие злоупотреби во постапувањето во една недоволно правно регулирана средина. Тие исто така

може да имаат значително влијание. Во 2020, невладината организација ClientEarth вложила жалба преку НКК за тоа дека рекламната кампања на БП ги повредила насоките на ОЕЦД преку доведување на јавноста во заблуда во однос на големината на нивниот бизнис со обновливи извори. Неколку месеци по поднесувањето на жалбата, а пред истата да биде разгледана, од страна на БП превентивно била повлечена мултимилионската кампањата и било ветено дека понатаму ќе запре со рекламирање со кое се промовира нивната репутација.[23]

*Насоките за меко право имаат влијание надвор од судницата: Жалба на БП ОЕЦД*

Невладината организација ClientEarth поднела жалба преку НКК дека рекламната кампања на БП ги прекршила насоките на ОЕЦД поради заблуда на јавноста за големината на нејзиниот бизнис со обновливи извори на енергија.

Пред да биде разгледувана жалбата, БП ја повлекла својата мултимилионска кампања и ветила дека во иднина ќе го прекине целото рекламирање кое е во насока на промовирање на нивната репутација.

Случајот ја демонстрира способноста на мекото право, необврзувачките правни инструменти, да влијаат на корпоративните чинители преку напаѓање на нивната општествена лиценца за работа. Необичниот спој на ублажување на репутацискиот ризик од страна на БП, спроведен во недоволно правно регулирана средина, илустрира како очекувањата на општеството, се повеќе добиваат законска рамка. Жалбата инспирирала мноштво натамошни случаи на „екоманипулација“ против големите нафтените индустрии на глобално ниво.[24] Насоката на движење е јасна: недефинираната

23 ClientEarth, „БП ја повлекува најновата рекламна кампања само неколку месеци по нашата жалба“ (14 февруари 2020 година) достапна на: https://www.clientearth.org/latest/latest-updates/news/bp-pulls-advertising-campaign-just-months-after-our-legal-complaint/.

24 Крис Морис и Мерлин Томас (Chris Morris & Merlyn Thomas), „Американската држава

општествена одговорност и очекувања станувaат инкорпорирани во меѓународните инструменти на меко право, прво овозможувајќи делумно правни аргументи, а на крајот и правни.

Во таа смисла, насоките на ОЕЦД, заедно со мекото право во областа, сè повеќе се користат во домашните законодавни агенди. На пример, нацрт-законот на Европскиот парламент за длабинска анализа (*due diligence*) за човековите права експлицитно се повикува на насоките на ОЕЦД во неговите воведни делови. Се разбира, за разлика од обврските од меѓународното право, домашното право е директно применливо и обврзувачко за деловните претпријатија. Со овој процес меките закони се зацврстуваат во многу реални и опипливи резултати за деловните претпријатија на терен.

Надвор од овие механизми, постои широк опсег на други механизми и договори на мекото право кои ќе бидат подетално истражени во тематските студии што следат, вклучувајќи го Глобалниот договор на ОН, Целите за одржлив развој, ОЕЦД Насоките за длабинска анализа (*due diligence*) за одговорно корпоративно однесување, Екваторските принципи и Принципите на ОН за одговорност во врска со договорите. Дополнително, Комисијата за човекови права на ОН е сè повеќе фокусирана да осигура дека билатералните трговски договори и особено меѓународните договори за инвеститори ги зачувуваат корпоративните обврски за почитување на човековите права, што може да бидат погодени од ограничувањата на правниот или политички простор кој го имаат на располагање државите за да го регулираат однесувањето на инвеститорите и на правото на засегнатите заедници да бараат ефективни правни лекови против инвеститорите за повреди на човековите права поврзани со проекти.[25]

презема акција за нафтен гигант за екозлоупотреба“ (BBC News, 6 ноември 2021 година) достапно на: https://www.bbc.co.uk/news/blogs-trending-59070451.

25 ОХЦХР, Меѓународни инвестициски договори и човекови права, A/76/238, 27 јули 2021 година.

## Домашното законодавство во Европа

Во последните години се појавија нови домашни законодавства со кои се регулира активноста на деловните претпријатија во однос на човековите права, особено во врска со повредите во сложените синџири на вредности на мултинационалните претпријатија. Овој тренд е во согласност со насоката на движење утврдена со механизмите на мекото право за премостување на јазот помеѓу обврските на државите кои произлегуваат од законодавството за човековите права и обврската на деловните претпријатија кои работат на тие територии. Потребата за такво законодавство станало особено релевантна кога европските мултинационални претпријатија имаат долги и сложени синџири на вредности кои започнуваат во странство и завршуваат со домашниот потрошувач. Новото законодавство го вклучува делот 54 (*Транспарентност во синџирите на снабдување*) од Законот за модерно ропство на Обединетото Кралство од 2015 година, францускиот Закон за длабинска анализа (*due diligence*) од 2017 година, холандскиот Закон за длабинска анализа (*due diligence*) во врска со детскиот труд од 2020 година и германскиот Закон за синџирот на снабдување од 2021 година.

Во најголем дел, новото законодавство за одговорно корпоративно однесување во однос на човековите права е фокусирано на поставување минимални стандарди за транспарентност на синџирот на вредности, анализа на ризик, длабинска анализа (*due diligence*), ублажување и известување, воведување граѓански (и во случајот со Холандија - кривични) санкции за компаниите кои не преземале активни чекори за истрага, откривање и справување со повредите на животната средина и човековите права во нивните сопствени операции и најважно во рамките на нивниот синџир на вредности.

Сепак, новото домашно законодавство генерално изгледа некоординирано, што создава несигурност за деловните претпријатија кои работат низ различни јурисдикции кога станува

збор за нивните обврски за почитување на основните права. Дополнително, овие закони сè уште во голема мера се потпираат на тоа граѓанското општество да известува за корпоративните неправилности, да ги „идентификуваат и обелоденуваат" компаниите за да дејствуваат, наместо целосно да им се овозможи на домашните регулатори да ги истражат и казнуваат неправилностите. Дополнително, граѓанската парничната постапка во моментов е примарен начин кој го предвидува домашното законодавство за жртвите да се стекнат со надомест на штета – постапка која е ограничена со процедурални пречки за барателите кои претрпеле штета во трета земја, како што се активната легитимација за поднесување барање, јурисдикцијата и прашања во врска со доказите и трошоците за судските спорови. Некои од значајните домашни случаи се дополнително дискутирани подолу.

### Судски постапки во врска со бизнисот и човековите права

Судовите во многу домашни јурисдикции се сè поподготвени да утврдуваат одговорност кај деловните претпријатија поради повреди на човековите права што се случуваат во нивните синџири на вредности, особено во врска со деградација на животната средина и климатските промени. Во Холандија, во два клучни случаи беше утврдено дека и холандската држава и Шел, голема енергетска корпорација, се одговорни за неуспехот да дејствуваат за климатските промени.[26] Во Канада, рударска компанија била тужена за злоупотреба на работничките права што ги претрпеле работниците вработени во компанија подизведувач во Еритреја, Источна Африка.[27] Во Обединетото Кралство, низа одлуки на Врховниот суд ја отворија вратата за матичните компании со седиште

26 *Фондацијата Ургенда против Холандија [Urgenda Foundation v State of the Netherlands]* [2015] HAZA C/09/00456689; *Милиеудефенсие и др. против Ројал Дач Шел (Milieudefensie и cop. v Royal Dutch Shell)* [2021] C/09/571932 / HA ZA 19-379.

27 *Невсун Ресурсис Лтд против Араиа [Nevsun Resources Ltd v Araya]*, [2020] SCC 5.

во Обединетото Кралство бидат прогласени за одговорни за повреда на човековите права извршени од подружници и подизведувачи од странство.[28]

На меѓународно ниво, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), исто така, продолжува да ја развива и збогатува својата судска пракса во врска со обврските на државите да ги заштитат повредите на човековите права што произлегуваат од корпоративни активности, на територијата на државата[29] и во контекст на државните-претпријатија во странство.[30] Во врска со деградацијата на животната средина и климатските промени, неодамнешната апликација на група од шест португалски деца и млади луѓе против 33 земји-членки на Советот на Европа, доколку биде успешна, ќе има значителни последици за деловните претпријатија. Апликацијата вклучува наводи дека 33-те земји-членки ја прекршиле нивната позитивна обврска според членот 2 (право на живот), 8 (право на приватен и семеен живот) и 14 (недискриминација во уживањето на правата) на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП)

28 *Веданта Ресурсис Плц и други против Лунговеа и други [Vedanta Resources Plc and another v Lungowe and others]* [2019] UKSC 20; *Окпаби и други против Ројал Дач Шел Плц и други [Okpabi and others v Royal Dutch Shell Plc and another]* [2021] UKSC 3.

29 *Лопез Остра против Шпанија [Lopez Ostra v Spain]* (Пресуда од 9 декември 1994 година); *Гуера и други против Италија [Guerra and Others v Italy]* (Пресуда од 19 февруари 1998 година); *Oneryildiz против Турција [Oneryildiz v Turkey]* (Пресуда од 30 ноември 2004 година); *Фадејева против Русија [Fadeyeva v Russia]* (Пресуда од 9 јуни 2005 година); *Татар против Романија [Tatar v Romania]* (Пресуда од 27 јануари 2009 година). Слично на тоа, во случајот на Акциониот центар за социо-економски права против Нигерија, Африканската комисија за човекови и народни права утврдила дека нигериската држава има должност да ги заштити своите граѓани од прекршување на нивните права од приватни страни. Комуникација 155/96, Африканска комисија за човекови и народни права (2001) Извештаи за африкански закон за човекови права 60.

30 *Ковачиќ и други против Словенија [Kovacic and Others v Slovenia]* (Одлука за допуштеност од 1 април 2004 година).

во однос на климатските промени.[31] Главно во аргументацијата на апликантите било тоа дека членовите 2 и 8 треба да се оценуваат во светло на различни меѓународни инструменти како што се Парискиот договор и Конвенцијата на ОН за правата на детето. Ако случајот успее, ова веројатно ќе има позитивен ефект врз домашната политика на државите за емисиите на стакленички гасови, што пак ќе влијае на деловните претпријатија, особено во индустриите со високи емисии како што се градежништвото, производството и производството на енергија. Иако ваквата *actio popularis* е без преседан, случајот е дел од бранот судски спорови кои бараат да се разјасни врската помеѓу човековите права и климатските промени.[32]

Во однос на експлоатацијата на трудот, ЕСЧП утврдил одговорност кај државите поради повреда на забраната за принудна работа наметната од чинители од приватниот сектор. Во значајниот случај *Чаудури и други против Грција [Chowdury and Others v. Greece]*, ЕСЧП утврдил дека 42 државјани на Бангладеш кои работеле во

31 *Дуарте Агостињо и други против Португалија и 32 други држави [Duarte Agostinho and Others v. Portugal and 32 Other States]*(бр. 39371/20).

32 Слично на тоа, група постари Швајцарки поднеле барање против Швајцарија во март 2021 година, тврдејќи дека здравствените состојби што ги претрпеле како резултат на топлотните бранови се должат на неуспехот на државата да преземе чекори за да ги спречи климатските промени спротивно на членовите 2 и 8 ЕКЧП *Вереин Клима Сениориннен Швајцарки и други против Швајцарија* (бр. 53600/20) *[Verein KlimaSeniorinnen Schweiz and Others v. Switzerland]* Апликантите исто така тврделе дека имало прекршување на членовите 6 (право на правично судење – пристап до суд) и 13 (право на ефективен правен лек). Судот на правдата на Европската унија, исто така, расправал за случаи поврзани со климатските промени. Во март 2021 година, била отфрлена жалбата на десет семејства кои сакале да ја принудат самата ЕУ да преземе построги мерки за намалување на емисиите во однос на стакленички гасови *(Армандо Ферао Карваљо и други против Европскиот парламент и Советот)* („Случајот за климата на луѓето“) Случај C-565/19 P) *[Armando Ferrão Carvalho and Others v. The European Parliament and the Council]*.

несоодветни и експлоататорски услови на фарма за јагоди биле подложени на принудна работа и трговија со луѓе и дека Грција не обезбедила ефикасна заштита, што претставувало повреда од член 4 од ЕКЧП.[33] Имено, во еден од најголемите случаи на трудова експлоатација пред ЕСЧП, во кој биле вклучени околу 700 работници од Босна и Херцеговина, Србија и Северна Македонија за кои се тврдело дека биле експлоатирани работејќи на градежни објекти во Баку (Азербејџан), Судот во Стразбур пресудил во корист на апликантите.[34] Врз основа на неколку извештаи на граѓанските организации, како и на Европската комисија и Советот на Европа, Судот забележал дека Азербејџан бил свесен дека работниците биле потенцијални жртви на трговија со луѓе и принудна работа, но и покрај тоа не ја исполнил својата процедурална обврска да покрене и спроведе ефективна истрага за тврдењата на апликантите. Додека одлуките на ЕСЧП ги обврзуваат само државите, тие даваат поттик за регулаторно дејство и потемелно спроведување на домашните стандарди за бизнисите и другите приватни чинители.

Иако подетална анализа на релевантните судски постапки ќе биде дел од секоја тематска студија во низата, овој краток преглед илустрира забележителен пораст на тужбени барања со кои повикуваат и државите и компаниите на одговорност поради повреди на еколошките стандарди и човековите права кои се случуваат во контекст на комерцијалната активност, во согласност со сѐ поголемата законодавна активност во оваа област.

33 *Чаудури и др. против Грција [Chowdury and Others v. Greece]*, Апликација бр. 21884/15, 30 март 2017 година.

34 *Сеудин Золетиќ и други против Азербејџан [Seudin Zoletic and Others v. Azerbaijan]*, Апликација бр. 20116/12, 7 октомври 2021 година.

# 3. Бизнис случај за усогласеност со човековите права

## Двигатели на комерцијални промени

Има и позитивни и негативни двигатели за компаниите при усвојувањето на одржливата комерцијална стратегија, водена од почитувањето на човековите права низ целиот синџир на вредности, спроведувањето на правични и поволни услови за работа, почитување на човековите права и практиките поврзани со ЕСГ генерално. Ваквите позитивни и негативни двигатели на промени и добро комерцијално однесување може да се сметаат и како фактори на „стимулација“ и „санкција“ (или, на помалку формален начин кажано, „морков“ и „стап“). Мерките што биле усвоени од деловните претпријатија вклучуваат: имплементирање на длабинска анализа (*due diligence*) во врска со човековите права (ХРДД); мерки за превенција, проценки на влијанието и обука низ целиот синџир на вредности; и обезбедување на усогласеност со регулативата во рамките на нивниот сопствен бизнис и оној на партнерите и добавувачите.

Во суштина, сè повеќе има смисла деловните претпријатија да ги почитуваат и заштитуваат човековите права, да спроведуваат добро управување и да работат одржливо. Компаниите ќе загубат доколку не ги исполнат своите обврски според меѓународното право, според домашното законодавство и кон нивните потрошувачи, купувачи, добавувачи, вработени, акционери, заемодавци и осигурителни компании.

## Негативни / засновани на санкции двигатели

Избегнувањето на правни, репутациски и финансиски ризици се клучни двигатели за подобрување на комерцијалното однесување, одлучувањето и надзорот во однос на човековите права и деловната практика заснована на ЕСГ.

Прво, како што е објаснето во делот 2 погоре, има значително зголемување на активностите во однос на законодавството на меѓународно, ЕУ и домашно ниво што се обидува да ја регулира комерцијалната активност во овој поглед. Слично на тоа, обврските кои „доброволно“ ги преземаат државите, како што се обврските „Нето нула“ што произлегуваат од Парискиот договор, обично се преобразуваат во задолжителни прописи за деловните претпријатија.[35] Згора на тоа, трендовите во граѓанските судски спорови сугерираат дека компаниите сè повеќе ќе се држат според стандардите на меѓународните правни инструменти првично предвидени да ги обврзуваат само државите.[36] Во Европа, домашните правила и правилата на ниво на ЕУ сè повеќе имаат екстратериторијален ефект, барајќи од компаниите со седиште во ЕУ да го утврдат почитувањето на човековите права од страна на нивните партнери и добавувачи надвор од блокот и да бараат подобрување. За компаниите од Западен Балкан кои обезбедуваат стоки и услуги на потрошувачите во ЕУ и комерцијалните клиенти, ова е сè позначаен двигател: неуспехот да се остане во тек со барањата на регулаторната средина може да ги изложи компаниите на ризик од спроведување на регулативата, како и ризик од конкуренција – исфрлање како регионален снабдувач на компанија од ЕУ по избор, во корист на директен конкурент.

Вториот двигател на промените заснован на санкции е репутацискиот ризик кој произлегува од неусогласеноста. Голем дел од новото домашно законодавство во Европа за ова прашање ја

35 Влада на Обединетото Кралство, „Соопштение за печат: Обединетото Кралство ќе ги зацврсти задолжителните обелоденувања за климата за најголемите компании основани согласно закон“ (29 октомври 2021 година) достапно на https://www.gov.uk/government/news/uk-to-enshrine-mandatory-climate-disclosures-for-largest-companies-in-law.

36 Види го особено холандскиот случај на *Милиеудефенсие и др против Ројал Дач Шел [Milieudefensie et al. v Royal Dutch Shell]* [2021] C/09/571932 / HA ZA 19-379 одлучен во мај 2021 година.

признава улогата на граѓанското општество во „идентификувањето и обелоденувањето“ на компаниите кои не се усогласени, вклучително и од невладините организации за човекови права, истражувачките новинари и работничките организации.[37] На пример, темелното разоткривање на Њујорк Тајмс[38] за повредите на човековите права кај кинеските добавувачи на производството на Apple доведе до повици за бојкот на производите на компанијата во САД, што предизвика Apple да ја објави својата листа на добавувачи и да се приклучи на Здружението на фер труд во 2012 година.[39]

Трето, за регионалните компани кои сакаат да привлечат инвеститори од глобалниот свет, почитувањето на човековите права е исто така сè повеќе клучен предуслов за добивање средства. Растот на ЕСГ инвестирањето (т.е. инкорпорирање на критериумите кои се засноваат на грижа за животната средина, општеството и корпоративното управување)

*Финансиски ризик од заостанување: акционерите преземаат акција*

Тројца нови акционери-активисти беа успешно избрани во управниот одбор на Ексон Мобил (ExxonMobil) во 2021 година од страна на акционерите со мандат, радикално да ги променат целите на компанијата во согласност со целите во врска со климатските промени и ЕСГ.

37 И холандскиот Закон за претходна проверка во врска со детскиот труд и Законот за модерно ропство на Обединетото Кралство, се потпираат на граѓанското општество за да го предочи вниманието на регулаторите за неусогласеност.

38 Чарлс Духиг и Дејвид Барбоза (Charles Duhigg and David Barboza), „Во Кина, човечките трошоци се вградени во iPad“ (Њујорк тајмс, 25 јануари 2012 година) достапно на: https://www.nytimes.com/2012/01/26/business/ieconomy-apples-ipad-and-the-human-costs-for-workers-in-china.html.

39 Ресурсен центар за бизнис и човекови права, „Најнови стравувања за синџирот на снабдување на Apple, јануари-фев 2012“ (13 јануари 2012 година) достапно на https://www.business-humanrights.org/en/latest-news/latest-concerns-re-apple-supply-chain-jan-feb-2012/

во последните неколку години е астрономски. Блумберг предвидува дека ЕСГ средствата со кои се управува ќе претставуваат една третина од вкупните средтсва на глобално ниво до 2025 година - околу 50 трилиони долари.[40] Во оваа нова инвестициска средина, потенцијалните трошоци за компаниите кои заостануваат во почитувањето на човековите права би можеле да бидат значителни, при што инвеститорите бараат подобрување на стандардите како услов за инвестирање. Последните години, исто така, се забележува зголемената улога на „акционерите активисти“ внатре во организациите. Еден значаен пример е американската нафтена компанија ЕксонМобил (ExxonMobil): тројца нови акционери-активисти биле успешно избрани во одборот во 2021 година од страна на акционери со мандат радикално да ги променат целите на команијата во согласност со целите во врска со климатските промени и во интерес на ЕСГ стандардите.[41] Вреди да се забележи дека изборната кампања за одборот се водела на стратешки, а не на идеолошки основи, тврдејќи дека приносите на компанијата постојано ги разочаруваат акционерите во последните 10 години и дека ѝ треба нова насока во светот кој брзо се декарбонизира.[42] Како што напишал извршниот директор на Блекрок, Лери Финк во 2020 година: „последиците од климатските промени ги принудуваат инвеститорите да ги преоценат основните претпоставки за современите финансии ... ризикот од климатски

40 ЕСГ средствата може да достигнат 53 трилиони долари до 2025 година, третина од глобалниот AUM“ (Блумберг, 23 февруари 2021 година) достапно на https://www.bloomberg.com/professional/blog/esg-assets-may-hit-53-trillion-by-2025-a-third-of-global-aum/.

41 Дерек Брауер и Ортенка Алиај, (Derek Brower and Ortenca Aliaj) ‘Engine No 1, the giant-killing hedge fund’ (Фајненшл тајмс, 3 јуни 2021 година) достапно на https://www.ft.com/content/ebfdf67d-cbce-40a5-bb29-d361377dea7a.

42 Самант Субраманијан, „Малиот хеџ фонд што го потресе ExxonMobil“ (Кварц, 28 мај 2021 година), достапно на: https://qz.com/2014413/engine-no-1-the-little-hedge-fund-that-shook-exxonmobil/.

промени е инвестициски ризик“.[43] Како што ефектите од климатските промени врз бизнисот стануваат поопипливи, климатскиот ризик крајно ги погодува, обезбедувајќи чист деловен случај за корпоративна активност.

### Позитивни / „стимулативни“ двигатели

Спротивно на тоа, постојат значаен број на стимулирачки двигатели кои ги туркаат компаниите да ги подигнат стандардите и усогласеноста со регулативата, со позитивни ефекти врз профитот, базата на клиенти и можностите за инвестирање. Позиционирањето на почитувањето на човековите права во центарот на оперативната стратегија и филозофија на компанијата претставува значајна деловна можност за воспоставување или подобрување на репутацијата и на регионално и на глобално ниво, добивање на нови деловни потфати, обезбедување заеми и инвестиции, зголемување на продуктивноста и профитот (особено на долгорочна основа) и привлекување и задржување на посветени работници. Згора на тоа, компаниите кои спроведуваат длабинска анализа (*due diligence*) во однос на нивните синџири на снабдување имаат корист од подобрено управување со ризиците со помали шанси за нарушување на бизнисот и судските спорови и за разлика од конкуренцијата, тие имаат поголема способност да ја зачуваат својата репутација кога ќе се појават негативни влијанија, со оглед на подоброто разбирање од нивна страна и од страна на јавноста, за нивните севкупни напори да се избегнат вакви инциденти.

Се издвојуваат неколку клучни стимулирачки двигатели. Прво, врската помеѓу добрите услови за работа, продуктивноста и профитабилноста станува се појасна. Студијата во врска со конфекциската индустрија во Виетнам од страна на Меѓународната

43 Лари Финк (Larry Fink), „Фундаментално преобликување на финансиите“(Blackrock, 16 јануари 2020 година) https://www.blackrock.com/uk/individual/larry-fink-ceo-letter.

*Подобрите работни услови го зголемуваат крајниот резултат на фабриката:*

Студијата покажа дека, фабриките во Виетнам кои ги подобрија работните услови го зголемија односот приход-трошок за 25%, беа до 8% попрофитабилни од конкурентите и уживаа зголемување на продуктивноста за 22%.

организација на трудот (МОТ) заклучи дека фабриките во Виетнам кои ги подобриле нивните работни услови го зголемиле односот приход-трошок за 25 отсто во период од четири години, биле до 8 отсто попрофитабилни од конкурентите поради зголемената продуктивност и со преземањето на проактивни чекори за зајакнување на супервизорите во продавниците, уживале во зголемување на продуктивноста за 22%, пониски стапки на повреди на вработените и помал „одлив“ на вработени.[44] Соодветно на тоа, компаниите кои поддржуваат правични и поволни услови за работа може да очекуваат подобрени односи со работниците, заедницата и другите засегнати страни во општествата, што ќе резултира со поголема доверба и посилна општествена лиценца за работа.

Второ, врската помеѓу здравите стандарди за одржливост и капиталните трошоци, оперативните перформанси и перформансите на цените на акциите, сега е добро воспоставена. Мета-студија на преку 200 академски студии и индустриски извештаи од Универзитетот Оксфорд, заклучи дека комерцијалните практики усогласени со ЕСГ резултирале со подобри оперативни перформанси за компаниите и дека перформансите на цените на акциите на компаниите можеле позитивно да бидат под влијание на добрите

44 Меѓународната организација на трудот (МОТ) и Меѓународната финансиска корпорација (МФК), „Напредок и потенцијал: Како подобрата работа го подобрува животот на текстилните работниците и ја зајакнува конкурентноста на фабриките. Резиме на независна проценка на програмата за подобра работа“ (2016).

практики за одржливост.[45] Дополнително, зголемената репутација на компаниите им овозможува поголем пристап до деловни можности со владите, инвеститорите и купувачите, кои сè повеќе го препознаваат намалениот ризик за себе, кога работат со компанија која ефикасно управува со ризиците по однос на човековите права.

*ЕСГ ги подобрува перформансите на акциите:*

Студијата на Универзитетот Оксфорд покажа дека комерцијалните практики усогласени со ЕСГ, резултираат со подобри оперативни перформанси.

Трето, моментумот кој владее меѓу компаниите за поттикнување на усогласеноста со човековите права и одржливите комерцијални практики сега претставува значаен комерцијален тренд низ пазарот, со „препознаен личен интерес“ кој сега е водечка филозофија за деловната практика. Широк опсег на мултинационални компании и инвеститори излегоа со јавни изјави и поддршка за задолжителната длабинска анализа (*due diligence*) во врска со човековите права (ХРДД) како дел од поширокиот тренд кон комерцијални практики во согласност со човековите права, вклучително и многу компании кои купуваат од добавувачи од регионот на Западен Балкан.[46]

45 Гордон Кларк, Андреас Фајнер, Мајкл Вихс (Gordon Clark, Andreas Feiner, Michael Viehs), „Од акционер до засегната страна: Како одржливоста може да доведе до финансиски подобри перформанси“ (22 октомври 2014 година) достапно на SSRN: https://ssrn.com/abstract=2508281.

46 Ресурсен центар за бизнис и човекови права, „Список на големи бизниси, здруженија и инвеститори со јавни изјави и одобрувања за поддршка на задолжителната регулатива за должно внимание“ (6 јуни 2019 година) достапна на https://www.business-humanrights.org/en/latest-news/list-of-large-businesses-associations-investors-with-public-statements-endorsements-in-support-of-mandatory-due-diligence-regulation/.

Еден пример е Ваитросе (Waitrose), голем британски ланец на супермаркети, кој доби пофалби за својата силна одржливост, ЕСГ и политиките за човекови права и купува производи од добавувачи од Северна Македонија.[47] Унилевер (Unilever) е пример на глобално ниво. Тој е на чело на Индексот на одржливост на ОН од 2015 година и сѐ уште може да се пофали со растечки профит и вредност на акционерите. Во 2019 година објави дека неговите брендови кои преземаат акции во врска со луѓето и планетата пораснале за 69% побрзо од остатокот од неговиот бизнис и претставувале 75% од вкупниот раст.[48] Унилевер е пример на глобално ниво. Во 2018 година, Унилевер соработувал со UN Women и 22 други компании на „Глобална иновативна коалиција за промени“, преземајќи глобална обврска половина од сите стартапи со кои се партнери да бидат основани од жени до 2023 година, и ја нарекол својата посветеност на родовата разновидност како „деловно критична“.[49]

Овие „освестени“ компании, како што се Унилевер и Веитросе, ја препознаваат насоката на движење и ја капитализираат со давање на предност на „првиот двигател“. Потенцијалниот напредок на кривата е јасен. Сепак, за помалку храбрите или иновативни бизниси, промените се збунувачки: деловните обврски, човековите права и животната средина  постепено и на одреден начин прераснуваат од доброволни на задолжителни. Кога онлајн продавницата за облека во Обединетото Кралство, Боохоо (Boohoo), била подложна на остра ревизија во врска со нивниот синџир на снабдување во 2020 година, реагирала решително, забранувајќи поддоговори и консолидирајќи

47 Види https://pelagonia.co.uk/where-to-buy/.

48 Unilever, „Брендовите кои имаат цел да растат - и еве го доказот“ (11 јуни 2019 година) достапно на https://www.unilever.com/news/news-and-features/Feature-article/2019/brands-with-purpose-grow-and-here-is-the-proof.html.

49 Unilever Foundry, зголемување на различноста: Unilever Foundry се залага за родова еднаквост (2018) достапна на https://www.theunileverfoundry.com/highlights/gender-equality-at-startups-case-study.html.

ја својата мрежа на добавувачи од речиси 500 на 78. И покрај тоа, Теско (Tesco), Џон Левис (John Lewis), Примарк (Primark), Асос (Asos) и Ко-оп (Co-op) ја повикаа Владата на Обединетото Кралство да воведе законска регулатива за задолжителна длабинска анализа (*due diligence*) со која на Boohoo ќе и биде утврдена одговорност. На крајот, компаниите бараат сигурност, овозможена со јасна регулатива. Во една неодамнешна студија во врска со нацрт-законот на ЕУ длабинска анализа (*due diligence*), речиси сите испитаници во принцип беа за давање шанса на политиките да се воведе општа обврска за длабинска анализа (*due diligence*) на ниво на ЕУ со цел да се создадат еднакви услови за игра.[50] Со ова се избегнуваат замките кои може да настанат кога компаниите се обидуваат „да ја направат вистинската работа“ со јавно преземање доброволни обврски и да бидат одговорни за неисполнување на истите.

## Финансиски услуги

Инвеститорите на глобално ниво сè повеќе бараат од компаниите да ги подобрат стандардите за усогласеност со човековите права, преку длабинска анализа (*due diligence*) и мерење и обелоденување на одржливоста како предуслови за континуирано инвестирање, заедно со ставот за поактивна сопственичка структура што промовира пристап на политиката на „управување“. Овој тренд е поттикнат и од главниот тренд на пазарот во оваа насока, како и од сплетот на регулативата на инвеститорите која се повеќе се движи од доброволна во задолжителна.

Во однос на перспективата на финансиските услуги, јасно е дека со огромниот раст на ЕСГ инвестициите, инвеститорите сериозно ги сфаќаат прашањата во врска со ЕСГ и поставуваат значителни барања од компаниите во кои инвестираат или на кои позајмуваат,

50 Лиза Смит и др. (Lise Smit et al.), Студија за барањата за длабинска анализа (*due diligence*) преку синџирот на снабдување: Финален извештај“ (Европска комисија, 2020 година).

ставајќи ја на ризик можноста да загубат инвестиции. Сепак, вреди да се напомене и тоа дека оваа промена кон одржливи инвестиции има финансиска смисла. Преку турбулентниот економски шок од Ковид-19, ЕСГ инвестициите поминаа прилично добро. Истражувањето на Блумберг покажа дека во првиот квартал од 2020 година, одржливите инвестициски производи имале подобри резултати од производите кои не биле ЕСГ, при што 94% од глобалниот репрезентативен избор на широко анализирани одржливи индекси ги надминуваат оние на матична компанија која им е репер.[51] Во пандемијата, инвеститорите продолжија да претпочитаат одржливи средства, при што кај глобалните одржливи отворени фондови забележан е пораст од 41% на годишно ниво во Q1 2020 година. Овие трендови ја нарушуваат често цитираната поговорка, пред кризата со Ковид, дека за време на остри падови на пазарот, инвеститорите ќе ја деприоритизираат одржливоста и ќе бегаат кон сигурни инвестиции. Сепак, податоците покажуваат дека е јасно дека инвестирањето во ЕСГ, е иднината на инвестициската практика и во добри и во лоши времиња.[52] Јасно е дека таквите инвестиции може да се сметаат за доволно отпорни на период на сериозна економска криза како што е пандемијата со Ковид-19, преку зајакнување на основните операции на синџирот на снабдување, вклучувајќи и ублажувајќи ја изложеноста на климатските промени и со промовирање на повеќе одржливо и продуктивно деловно однесување што фаворизира долгорочна перспектива на раст.

Сè повеќе, ЕСГ инвестирањето се уредува законски. Во однос на регулаторната рамка во врска со инвестициите ЕСГ, најистакнатиот правилник во моментот е Регулативата на ЕУ за објавување информации за одржливо финансирање (СФДР), која стапи на сила во 2021 година како дел од Акциониот план на ЕУ за одржливи финансии, пакет на

51 Блекрок (Blackrock), „Одржливо инвестирање: издржливост во услови на несигурност“ (март 2020 година).

52 Лари Финк (Larry Fink), „Фундаментално преобликување на финансиите“ (Блекрок, 16 јануари 2020 година) https://www.blackrock.com/uk/individual/larry-fink-ceo-letter.

Мерките на ЕУ кои поттикнуваат одржливи финансиски практики и барања за известувања.[53] Регулативата има за цел да создаде рамноправен терен за транспарентност и обезбедување информации во однос на ризиците од одржливост/ЕСГ, барајќи од финансиските советници, управителите на средства, банките и другите учесници на пазарот да обелоденат релевантни информации поврзани со ЕСГ за компаниите. Ова значи дека компаниите кои добиваат инвестиции од учесниците на пазарот со седиште во ЕУ ќе бидат принудени да даваат сè подетални информации за нивните ризици и политики за одржливост како дел од длабинската анализа (*due diligence*) на инвеститорите пред стекнувањето, или како услов за континуирано инвестирање. Слични случувања може да се забележат и во северноамериканските и азиските инвестициски заедници, поттикнати од глобалните трендови и рамки.

> *Регулатива на ЕУ за објавување на информации за одржливо финансирање (СФДР)*
>
> Компаниите кои добиваат инвестиции од учесниците на пазарот со седиште во ЕУ ќе треба сè подетално да информираат за нивните ризици и политики за одржливост како услов за континуирано инвестирање.

Регулативата, исто така, се надоврзува на Директивата на ЕУ за објавување на нефинансиски информации (НФРД) од 2014 година, која бара одредени големи компании да обелоденат информации за начинот на кој работат и управуваат со општествените и еколошките предизвици. Од компаниите кои се во опсегот се бара да објавуваат информации за прашања од областа на животната средина; општествени прашања и третманот кон вработените; почитување на човековите права; антикорупција и поткуп; и разноликоста на

53 Имајте предвид дека СФДР сè уште не е целосно во функција. Други мерки воведени како дел од Акциониот план на Европската комисија за одржливо финансирање ја вклучуваат Регулативата за таксономијата, која воведува шема за класификација на ниво на ЕУ за одржливи активности и Регулативата за ниско ниво на јаглерод.

управувачките одбори на компаниите. Дополнително, Директивата вклучува механизам „усогласи или објасни“ со кој компаниите можат да изберат да не известуваат со објаснување зошто не го прават тоа: додека овој механизам навидум нуди начин да се избегне обелоденување, компаниите кои веројатно ќе прифатат минимален, затворен пристап за обелоденување извесно е дека ќе ги пронајдат своите клиенти и инвеститорите најверојатно, детално ќе ги разгледаат причините за неусогласеност како дел од нивната сопствена длабинска анализа (*due diligence*) и ќе бараат подобрување доколку се утврди дека сакаат да инвестираат. Од 2014 година, Европската комисија објави дополнителни упатства за известување за климата во 2017 и 2019 година кои обезбедуваат насоки за компаниите како да известуваат за влијанијата на нивниот бизнис врз климата и за влијанието на климатските промени врз нивниот бизнис.[54]

Покрај задолжителните правила, има и плејада на други повеќе доброволни стандарди кои се појавија како најдобра практика за управување со инвестициите. Ова ги вклучува Принципите за одговорно инвестирање (ПРИ), доброволен сет на инвестициски принципи кои обезбедуваат пристап за инкорпорирање на ЕСГ стандардите во инвестициската практика, како што е спроведување на активни сопственички политики и барање соодветно обелоденување на соодветните ЕСГ од страна на компаниите кои добиваат инвестиции. Околу 4.000 инвестициски менаџери и инвеститори на глобално ниво се пријавиле на ПРИ од нивното лансирање во 2004 година. Иако се работи за доброволен систем, тој стана добро воспоставена одговорна инвестициска рамка за да дејствува како чувар на управителите на имотот кои преземаат ЕСГ скрининг на бизнисите и соодветно ги зголемуваат стандардите за инвеститорите кои потоа тоа го пренесуваат на компаниите, во однос на барањата на инвеститорите за инвестициските перформанси.

54 Влада на Обеденетото Кралство, „Заеднички регулатор на Обеденетото Кралство и владина работна група ТЦФД: времен извештај и патоказ“ (9 ноември 2020 година).

ПРИ сугерира дека ЕСГ стандардите може да се инкорпорираат во постојните инвестициски практики користејќи комбинација од три пристапи: интеграција - експлицитно вклучување на ЕСГ стандардите во анализата на инвестицискиот ризик и донесувањето одлуки; скрининг – примена на филтри за потенцијални инвестиции врз основа на преференции, вредности или етика; и тематски пристапи – барајќи да се комбинираат атрактивни профили за поврат на ризик со намера да придонесат за специфичен еколошки или општествен исход. Дополнително, ПРИ зазема став дека перформансите на ЕСГ на постојните инвестициски портфолија може да се подобрат преку активни сопственички практики, како што е посветеноста - дискутирање на прашањата за ЕСГ со компаниите за да се подобри нивното справување, вклучително и обелоденување на такви прашања; и со гласање во име на друг - формално изразување одобрување или неодобрување преку гласање за резолуции и предлагање резолуции на акционерите за специфични прашања во врска со ЕСГ.

ПРИ е само една од бројните влијателни рамки кои сè повеќе ја водат практиката на инвеститорите во оваа област. Друга клучна рамка се насоките на Работната група за финансиски известувања поврзани со климата (ТЦФД), кои се строго фокусирани на ризиците за животната средина, но имаат големо влијание врз финансиската индустрија како целина и се интегрирани во ПРИ и сè повеќе во ЕУ правилата за известување. Насоките за ТЦФД се дизајнирани така да промовираат финансиски известувања поврзани со климата што им овозможуваат на засегнатите страни подобро да ја разберат финансиската изложеност на ризиците поврзани со климата и се усвоени од значителен опсег на пензиски фондови, банки и осигурителни компании на глобално ниво, кои се повеќе бараат известувања за животната средина од компаниите кои се финансираат. Обединетото Кралство, исто така, вети дека ќе ги направи известувањата усогласени со ТЦФД задолжителни во целата економија до 2025 година.[55] Обединетото Кралство и Јапонија, исто

55 Европска комисија, „Насоки за нефинансиско известување: Додаток за известување за информации поврзани со климата“ (2019/C 209/01), OJ C 209, 20 јуни 2019 година.

така, имаат „Кодекс за управување“, кој поставува високи стандарди за инвестициските менаџери и опфаќа збир на принципи „примени и објасни“ за демонстрирање на најдобрата практика во одржливи инвестиции.[56]

Како што се развиваат и вкрстено се имплементираат рамките околу ЕСГ инвестициите, се појавуваат нови трендови во практиката. Еден од нив е принципот „Нема значителна штета“, според кој компанијата која *активно* ги следи одржливите цели (на пр., ублажување/адаптација на климатските промени) не може да се квалификува како одржлива според релевантните критериуми доколку предизвикува значителна штета на друга одржлива цел. На пример, ако се открие дека фабрика во Западен Балкан што произведува фотонапонски соларни панели - што секако се смета за одржливо деловно работење - ги нарушува здравствените и безбедносните услови, ја загадува околината или набавува суровини за производство на ќелии од неодржливи извори (да речеме, користејќи тргувани или детски труд во друга земја), можеби нема да ги задоволи барањата за ЕСГ на инвеститорите за континуирано инвестирање. Ова е особено важно во смисла на брзото движење напред кон економија со низок јаглерод: во неодамнешните критериуми за човекови права на најголемите компании за обновливи извори на енергија, беше предложено дека ниту една од анализираните компании не ги исполнува целосно своите одговорности за заштита на човековите права, како што е дефинирано во ВПОН. Компаниите кои можат да ги исполнат и социјалните и еколошките цели, земајќи ги предвид човековите права и прашањата за животната средина заеднички и сеопфатно, ќе имаат јасна конкурентска предност кога станува збор за привлекување инвестиции.[57]

56 Кодексот за управување со Обединетото Кралство 2020 година; Јапонска агенција за финансиски услуги, Финализирање на Јапонскиот кодекс за управување (второ ревидирано издание).

57 Ресурсен центар за бизнис и човекови права, „Одредување за обновливи извори на енергија и човекови права“ (29 јуни 2020 година) достапно на https://www.business-humanrights.org/en/from-us/briefings/renewable-energy-human-rights-benchmark/

## Листи за исклучување

Фактот дека некои од горенаведените рамки се доброволни не значи дека тие едноставно може да се игнорираат. Инвеститорите сè повеќе заземаат цврст став за неусогласеност од страна на компаниите во кои се инвестира, вклучително активно управување, гласање против одлуките на одборот, па дури и со отстапување. Сега се објавени листите на инвеститорите за исклучување, со потенцијално значајни проблеми со репутацијата на компаниите. Истражувањето објавено во Меѓународниот часопис за човекови права врз основа на интервјуа со корпоративни директори, забележа дека финансиските институции сè повеќе ги гледаат човековите права исто како и ризикот од финансиски криминал при прием на клиенти. [58]

На пример, холандскиот осигурител и менаџер на средства Аегон (Aegon) сега ги исклучува фирмите од потенцијални инвестиции, врз основа на исклучувачки категории, вклучувајќи климатски промени, биодиверзитет и здравје/благосостојба, како и недоволно ангажирање на компанијата поради неусогласеност со глобалните стандарди. Листата на Аегон за 2021 година исклучува различни компании во регионот на Западен Балкан, вклучително и Badeco-Adria d.d. (БиХ – тутун), Чока Дуванска

*Листи за исклучување: Аегон*

Холандскиот осигурител и управител со средства Аегон сега ги исклучува компаниите од потенцијални инвестиции врз основа на категории на исклучување.

Листата на Аегон за 2021 година исклучува различни компании во регионот на Западен Балкан.

58 Лиза Смит и др. (Lise Smit et al.), „Задолжителна анализа за човековите права во глобалните синџири на снабдување: доказ за корпоративните практики за информирање на правен стандард“ (2021) 25 (6) Меѓународниот часопис за човекови права 945-973, 966.

индустрија А.Д. (Србија – тутун), Холдинг Корпорација Крушик АД Ваљево (Србија – оружје), ИТЦ д.о.о. (БиХ – хемикалии), Стари Граничар д.о.о. (Хрватска – оружје), и Тутунски комбинат А.Д.Прилеп (Северна Македонија – тутун).[59]

Пристапот на Аегон станува широко распространет во индустријата: листата на исклучување на данската банка Нордеа (Nordea) наведува различни причини за исклучување, вклучително и кршење на нормите поврзани со човековите права,[60] додека огранокот за управување со средства на холандскиот осигурител НН Груп (NN Group), НН Инвестмент Партнерс (NN Investment Partners), конкретно ги исклучува компаниите врз основа на „повреда на меѓународните стандарди за деловно однесување“.[61] Неодамна, голем број холандски пензиски фондови се откажаа од неколку кинески компании откако се појавија детали за нивната вмешаност во угнетувањето на Ујгурите во кинеската провинција Ксинџијанг.[62] Јасно е дека неусогласеноста со обврските за почитување на човековите права и новите најдобри практики за длабинска анализа (*due diligence*) на синџирот на снабдување може да имаат видливи влијанија врз способноста на компаниите да привлечат и задржат инвестиции.

59 Aegon Nederland N.V., „Список за исклучување на одговорни инвестиции“ (1 јануари 2021 година).

60 Nordea, „Список на исклучување“ (октомври 2021 година) достапен на: https://www.nordea.com/en/sustainability/exclusion.

61 NN Investment Partners, „Список за исклучување на NN Group“ (ноември 2021 година) достапен на https://bit.ly/35PuNv6

62 Френк Ван Алфен (Frank Van Alphen), „Холандските пензиски фондови ги напуштаат кинеските компании поради загриженоста на Ујгурите“ (21 мај 2021 година) достапно на https://www.ipe.com/news/dutch-pension-funds-exit-chinese-companies-over-uyghur-concerns/10052947.article.

# 4. Регионален контекст: Бизнис, човекови права и животна средина во Западен Балкан

Многу горливи прашања во регионот, како што се дискриминација на работното место и недоволната заштита на укажувачите,[63] несоодветната имплементација на стандардите за здравје и безбедност,[64] широко распространетите неформални вработувања[65] и други практики кои можат да доведат до сериозни повреди на човековите права, спаѓаат во опсегот на бизнисот и човековите права. Според тоа, постои итна потреба да се испита како релевантните стандарди поставени од горенаведените инструменти би можеле да се операционализираат во јурисдикциите на Западен Балкан, со цел да се развие сеопфатен и проактивен пристап кон бизнисот и човековите права.

Досега, компаниите од регионот генерално управуваа со нивното влијание врз човековите права во рамките на корпоративната општествена одговорност (ЦСР), фокусирајќи се на доброволните

63 Европска комисија, Комуникација за политиката за проширување на ЕУ COM (2020) 660 конечно (6 октомври 2020 година); С. Брадаш, М. Рељановиќ, И. Секуловиќ, „Влијанието на епидемијата COVID-19 врз положбата и правата на работниците во Србија" (Фондација Центар за демократија и Канцеларија за човекови права на Обединетите нации, 2020 година) 46; М. Рељановиќ, „Студија за спроведувањето на законот за антидискриминација во Србија" (Југом 2018) 16; А. Папа, З. Конголи, „Стандарди за работа во Албанија" (2016).

64 Балцанош, „Безбедност и здравје при работа – Студија за Црна Гора" (16 ноември 2018); Европска комисија, Комуникација за политиката за проширување на ЕУ COM(2020) 660 конечно (6 октомври 2020 година), Европска комисија, „Извештај за Србија 2020", SWD(2020) 352 конечно (6 октомври 2020 година) 95; Петар Булат, Кеничи Хиросе, Јован Протиќ, „Безбедност и здравје при работа во градежниот сектор во Србија" (ILO 2018).

65 Светска банка, „Трендови на пазарот на труд на Западен Балкан: 2019" (19 март 2019 година); Унија Подслодоваца Црне Гор, „Неформална економија во Црна Гора" (2020).

активности кои придонесуваат за нивниот бизнис план.[66] Иако овие практики се за пофалба, развојот на горенаведената агенда на БХРЕ покажува дека ЦСР иницијативите повеќе не можат да бидат замена за корпоративната одговорност за почитување на човековите права и стандардите за животна средина.

Дополнително, паралелните регулаторни и инвестициски случувања во Западен Балкан ја засилуваат потребата за инкорпорирање на агендата на БХРЕ која брзо се развива. Така, јурисдикциите на Западен Балкан се соочуваат со постојаниот притисок да продолжат со усогласување на нивното соодветно законодавство со правото на ЕУ, вклучително и во однос на бизнисот и човековите права. Пример за овој тренд се новите политики на ЕУ и домашните политики во областа на зелениот развој и климатските промени, вклучително Зелената агенда за Западен Балкан и Механизмот за прилагодување на границите со јаглерод, кои ќе имаат значително влијание врз бизнисите во регионот.[67]

Дотолку повеќе, со оглед на високото ниво на невработеност во регионот на Западен Балкан – највисоко во Европа[68] – привлекувањето странски инвестиции е приоритетно прашање на државните политики, поради нивниот придонес кон регионалниот развој. Како што Западен Балкан постепено станува алтернативна локација за компаниите да ги засноваат своите комерцијални операции, пропорционално постои поширокo поле за натпревар на странските директни инвестиции за регионалните држави и

66 Јерњеј Летнар Чернич „Мапирање на бизнисот и човековите права во Централна и Источна Европа“ (Cambridge Core Blog, 2021)

67 Видете ја Декларацијата од Софија за Зелената агенда за Западен Балкан (10 ноември 2020 година); Европска комисија, механизам за прилагодување на границите на јаглерод (14 јули 2021 година).

68 Светска банка, Редовен економски извештај за Западен Балкан, бр. 19, пролет 2021 година Прилагодено закрепнување.

компании.[69] Но, привлекувањето инвестиции се повеќе оди рака под рака со видливото почитување на човековите права и почитувањето на стандардите за животната средина. Така, регионалните компании ќе имаат корист од инкорпорирање на агендата за бизнис и човекови права во нивното комерцијално планирање со цел да продолжат да привлекуваат странски инвестиции - што останува главен приоритет за регионалните влади.[70]

Покрај привлекувањето на инвестиции, корпорациите имаат интерес да ги подобрат своите перформанси за човековите права поради нивната репутација. Има доволно примери од владината политика во регионот која дава предност на инвестициите пред човековите права и стандардите за животната средина, што доведе до јавни скандали и предизвици поврзани со животната средина и човековите права, како што е фабриката Јура во Србија;[71] хидроелектричните брани на реката Крушчица во Босна и Херцеговина; браната Бук Бијела на реката Дрина[72] во Босна

69 Зоран Нечев, Мари Јеленка Кирхнер (Zoran Nechev, Marie Jelenka Kirchner), „Време да се преселиме во Западен Балкан: Како диверзификацијата на глобалните синџири на снабдување може да биде од корист за отпорноста на ЕУ“ Програмски документ бр. 9/2021 (април 2021 година).

70 Дарко Марјановиќ, Михајло Ѓукиќ (Darko Marjanovic, Mihajlo Djukic), „Земјите од Западен Балкан како атрактивна инвестициска дестинација“, (2020) 53 (2) Економска анализа: применето истражување на пазарите во развој.

71 Ресурсен центар за бизнис и човекови права, „Србија: Фабричките работници на YURA Corp. се жалат на наводни злоупотреби, вклучувајќи тепање, сексуално вознемирување, неисплата на плати и попречување во слободата на здружување“, (4 јули 2016 година) достапно на https://www.business-humanrights.org/en/latest-news/serbia-yura-corps-factory-workers-complain-about-alleged-abuses-including-beatings-sexual-harassment-non-payment-of-wages-denial-of-freedom-of-association/

72 Пипа Галоп (Pippa Gallop), „Револуционерен настан на браната Дрина наиден со скептицизам и протести“ (BankWatch Network, 17 мај 2021) достапно на https://bankwatch.org/blog/drina-dam-groundbreaking-event-met-by-scepticism-and-protests.

и Херцеговина; кршење на човековите права од Teleperformance во Албанија;[73] неформалниот и детски труд во индустријата за управување со отпад во Косово;[74] и фабриката Геокс во Северна Македонија, која е обвинета за лоши и експлоататорски услови за работа.[75] Во октомври 2019 година, Европската инвестициска банка потврдила дека одлучила да не продолжи со директно финансирање за 340.000 тони годишно согорување на комунален отпад во Винча во Србија, откако нејзината сопствена длабинска анализа (*due diligence*) потврдила дека проектот најверојатно ќе и попречи на Србија да се пресретне со целите на ЕУ во врска со циркуларната економија за рециклирање.[76]

Конечно, неодамнешната контроверзност која настана од присуството на меѓународната рударска компанија Рио Тинто во Србија, послужи како остар потсетник дека недоволното внимание

73 „Француската контакт канцеларија на ОЕЦД го повикува Teleperformance да ги зајакне напорите за да се обезбеди почитување на човековите права, безбедноста на работниците“ (Uni Global Union, 2 август 2021 година) достапно на https://uniglobalunion.org/news/french-oecd-contact-point-calls-teleperformance-strengthen-efforts-ensure-respect-human-rights.

74 Стјуарт Грир (Stuart Greer), „Остра потреба да се преживее“ ги тера косовските Роми на ризично рециклирање“ (РФЕРЛ, 9 октомври 2019 година) достапно на https://www.rferl.org/a/a-dire-need-to-survive-drives-kosovo-roma-to-risky-recycling/30207749.html.

75 Ресурсен центар за бизнис и човекови права, „Извештаите наведуваат на лоши работни услови во синџирите за снабдување со чевли во Источна Европа; вклучени одговори на компанијата“ (2016) достапно на https://www.business-humanrights.org/en/latest-news/reports-allege-poor-working-conditions-in-shoe-supply-chains-in-eastern-europe-company-responses-included/.

76 Ресурсен центар за бизнис и човекови права, „Третина од заемите на Европската инвестициска банка ги избегнува еколошките и социјалните правила“ (2021) достапно на https://www.business-humanrights.org/en/latest-news/a-third-of-european-investment-bank-lending-evades-environmental-and-social-rules-report-alleges/.

на човековите права и потенцијалните импликации врз животната средина на деловните потфати може да резултира со општествени промени, поткопувајќи ја политичката стабилност и безбедност во регионот.

И покрај овие негативни примери, важно е да се забележи дека неколку големи инвеститори во регионот, вклучувајќи ги Теленор,[77] Кока Кола,[78] Делхајзе,[79] Бол,[80] Хенкел[81] и Мишелин[82] се чини дека ги прифатиле најдобрите практики за стандардите за човекови права во нивните политики, нагласувајќи ги ВПОН и употребата на ХРДД за идентификување и справување со предизвиците во врска со човековите права. Нивното присуство на Западен Балкан ја отвара можноста за поширока интеграција и имплементација на човековите права и стандардите за животната средина низ целиот регион и промена на приоритетите на долг рок со нагласување на важноста и одржливоста на инвестициите.

Севкупно, иако регионалните влади сѐ уште не се осврнале целосно на влијанието на деловните операции врз човековите права и животната средина, неодамнешните иницијативи го илустрираат нивниот поостар фокус во областа. Во моментов во регионот се

77 Теленор Груп , „Управување со човековите права“, достапно на https://www.telenor.com/sustainability/responsible-business/human-rights/mitigate/

78 Компанијата Кока Кола, „Политики за човекови права“ достапно на https://www.coca-colacompany.com/policies-and-practices/human-rights-principles

79 Џон Спрингер (Jon Springer), „Ahold Delhaize ги идентификува приоритетите за човекови права“ (Winsight Grocery Business, 16 јуни 2020 година) достапно на https://www.winsightgrocerybusiness.com/retailers/ahold-delhaize-identifies-human-rights-priorities.

80 Бол, „Човекови права“ достапно на https://www.ball.com/human-rights

81 Мишелин, „Почитување на човековите права“, достапно на https://www.michelin.com/en/sustainable-development-mobility/for-people/respecting-human-rights/.

82 Хенкел, „Човекови права и социјални стандарди“ достапно на https://www.henkel.com/sustainability/positions/human-rights.

во тек бројни реформски процеси, насочени кон прилагодување на законските рамки во согласност со стандардите на ЕУ во оваа област. На пример, регионот почна да се занимава со ова прашање преку воведување на нефинансиско корпоративно известување[83] и земајќи ги предвид социјалните и еколошките критериуми при спроведување на постапките за јавни набавки.[84] Сепак, треба да се направи значително повеќе за да се постигне деловна и инвестициска средина во која „не правењето штета“ ќе биде основен стандард. Ова, делумно вклучува фокусирање во сферите на правната регулатива кои традиционално се перципираат како неутрални за прашањата за заштита на човековите права, како што се јавните набавки, инвестициите, даночното право и корпоративното/компаниското право.[85]

Како што може да се препознае од неодамнешниот извештај за потенцијалните придобивки за ЕУ од преместувањето на синџирите на снабдување во Западен Балкан, регионот го посакува членството во ЕУ. Сепак, пристапот на ЕУ заснован на вредности кон надворешната политика бара исполнување на целите во врска со човековите права и животната средина, како и целите за проширување и економска независност на ЕУ. Ова е особено јасно наведено во неодамнешната

83 На пример, во Србија, нефинансиското корпоративно известување беше воведено преку Законот за сметководство (Службен весник на Република Србија бр. 73/2019 и 44/2021). Во Црна Гора нацрт-амандманите на Законот за сметководство (во моментов во процедура) ги вклучуваат оние за нефинансиско известување.

84 Новоусвоената програма на Србија за развој на јавните набавки (2019-2023) како една од стратешките цели ги поставува промоцијата и поттикнувањето на еколошкиот и социјалниот аспект во јавните набавки, а нејзиниот Закон за јавни набавки од 2019 година содржи одредби поврзани со човековите права, вклучително и опција за користење еколошки и социјални размислувања во сите фази од постапката за јавна набавка.

85 Б Сјафјел (B Sjåfjell), „Како законот за трговски друштва ги пропадна човековите права – и што да се прави за тоа“ 2020 година 5 (2) Весник за бизнис и човекови права 179-199.

најава на ЕУ за нејзиниот инфраструктурен план „Глобал Гејтвеј", кој ќе обезбеди соработка „заснована на вредности" како атрактивна спротивност на кинеската иницијатива „Белт и Роуд".[86]

Според тоа, (условената) инвестиција на ЕУ во Западен Балкан е „инвестиција во заедничка, вредносно ориентирана иднина на Европа како целина".[87] Бизнисот има важна улога во помагањето на регионот на патот кон ЕУ.

## 5. Заклучоци

Усогласувањето со растечките обврски на компаниите за обезбедување на човековите права со комерцијалните притисоци, веројатно ќе предизвика тензии, особено во регион каде што агендата на БХРЕ мора да ги препознае постоечките практики и локални приоритети. Често се сугерира дека земјите во развој треба да дадат приоритет на брзиот економски раст во однос на БХРЕ стандардите, кои обично заземаат централна улога само откако земјата ќе постигне одредено ниво на социо-економски развој. Исто така, иако е точно дека сè поголем број мултинационални корпорации ја прифаќаат БХРЕ агендата, многумина не се вистински посветени на промовирање на овие стандарди во нивните деловни практики и лесно ги искористуваат попустливите регулаторни рамки во земјите домаќини. Една студија на Заедничката иницијатива за етичко тргување на преку 1.500 добавувачи го потврди следното: купувачите честопати противречат на БХРЕ барањата со нивните

86 Хорхе Валеро, Џон Фолаин (Jorge Vallero, John Follain), „Глобалната порта" на ЕУ за инфраструктурни понуди против кинескиот „Појас и пат" (Блумберг, 30 ноември 2021 година), достапно https://www.bloomberg.com/news/articles/2021-11-30/eu-eyes-300-billion-euro-infrastructure-push-to-challenge-china.

87 Зоран Нечев, Мари Јеленка Кирхнер (Zoran Nechev, Marie Jelenka Kirchner), „Време да се преселиме во Западен Балкан: Како диверзификацијата на глобалните синџири на снабдување може да биде од корист за отпорноста на ЕУ" Програмски документ бр. 9/2021 (април 2021 година).

куповни практики, како што се времето на испорака, цените и техничките спецификации, барајќи од добавувачите често да прифаќаат нарачки под трошоците за производство, што ги прави неспособни да ги платат дневниците, па дури и минималните плати.[88]

Очигледно е дека ќе биде потребен значителен напор за да се осигура дека компаниите можат да бидат во чекор со комерцијалните притисоци додека ги штитат човековите права, ги одржуваат постојните развојни цели и ја подобруваат сопствената репутација и долгорочната профитабилност. Сепак, врската помеѓу потребата за зачувување и унапредување на човековите права и животната средина, од една страна, и сегашната глобална комерцијална средина, од друга, станува се појасна; тоа е и барање на потрошувачите и инвеститорите и начин за намалување на ризикот од синџирите на снабдување и инвестиции во ера на голема неизвесност од геополитичките закани, климатските промени и Ковид-19.[89]

Тешко е да се процени влијанието на моменталната пандемија од Ковид-19 врз БХРЕ агендата. Пандемијата ги разоткри големите нееднаквости во и меѓу државите, вклучително и во ЕУ. Покажа

88 Лиза Смит и др. (Lise Smit et al.) Студија за барањата за претходна проверка преку синџирот на снабдување: Финален извештај“ (Европска комисија, 2020) 964.

89 Исто така, постојат ризици поврзани со работната сила кои произлегуваат од присуството на Кина во Западен Балкан, што влијае на локалните вработени и заедниците, како и на кинеските работници мигранти во регионот. Една карактеристика на присуството на Кина во регионот е употребата на билатерални договори како што е српскиот „Закон за потврдување на договорот за социјално осигурување со Кина“, според кој кинеското трудово право се применува на кинеските работници мигранти во Србија во првите пет години од нивното останување. Иако билатералните договори од овој вид се вообичаени, овој е единствениот со вакво ограничување. Саша Драгојло „Како затвореници“: Кинеските работници во Србија се жалат на експлоатација“ (Balkans Insight, 26 јануари 2021 година) достапно на https://balkaninsight.com/2021/01/26/like-prisoners-chinese-workers-in-serbia-complain-of-exploitation/.

колку просперитетните бизниси се потпираат на здравата работна сила и здружените синџири на снабдување и обратно колку се ранливи тие деловни средини кога работниците немаат поддршка. Со откривањето на овие нееднаквости и системски прашања, пандемијата само го зајакна случајот за усвојување одржливи деловни практики, забрзувајќи ја промената кон зголемување на вредноста на ЕСГ компаниите кои управуваат со средства во тој процес.

Оваа публикација се обиде да даде една поширока слика за брзорастечкото движење според кое заштитата на човековите права и животната средина, се сметаат за компатибилни со деловниот успех. Бројни примери од деловната пракса покажуваат дека одржливо водениот комерцијален пристап е секако можен и ја претставува иднината на глобалната трговија. Јасно е дека возот за задолжителна и поширока заштита ја напушти станицата. Дали од овој факт компаниите ќе имаат корист или ќе изгубат ќе се одреди во зависност од тоа во кој момент ќе изберат да се придружат. Оние кои навреме и доброволно ќе вградат добри практики, транзицијата ќе им биде поекономична и ќе уживаат во повеќе предности и можности во однос на конкуренцијата. Компаниите и државите кои продолжуваат да го игнорираат трендот го прават тоа на нивна штета.

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| БХРЕ | Бизнис и човекови права, вклучително и заштита на животната средина |
| ЦЕДАВ | Конвенција за елиминација на сите облици на дискриминација врз жените |
| КЕСКП | Комитет за економски, социјални и културни права |
| ЦСР | корпоративна општествена одговорност |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕСГ | Животна средина, општество, управување |
| ЕУ | Европска Унија |
| ХРДД | Длабинска анализа (due diligence) во врска со човековите права |
| ИАЦХР | Меѓуамериканска комисија за човекови права |
| МПГПП | Меѓународен пакт за граѓански и политички права |
| МПЕСКП | Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права |
| МОТ | Меѓународна организација на трудот |
| МНП | мултинационално претпријатие |
| НКК | Национална канцеларија за контакт |
| НФРД | Директива за нефинансиско известување |
| ОЕЦД | Организација за економска соработка и развој |
| ПРИ | Принципи за одговорно инвестирање |
| СФДР | Регулатива за објавување на информации за одржливо финансирање |
| ТЦФД | Работна група за објавување на фининансиски информации поврзани со климата |
| ОК | Обединето Кралство |
| ОН | Обединети нации |
| ВПОН | Водечки принципи на Обединетите нации за бизнис и човекови права |

**Sustineri Partners**

Sustineri Partners е основана од група експерти кои веруваат во моќта на компаниите да испорачаат позитивни резултати за општеството. Компанијата обезбедува стратешки совети за приватните и јавните организации за тоа како да ги инкорпорираат стандардите за одржливост во нивните одлуки, практики, и партнерства. Работата на Sustineri Partners за поддршка на компаниите, инвеститорите и другите организации, ги опфаќа прашањата во врска со животната средина, општеството (човековите права) и управувањето, со особена експертиза за прашањата како што се модерното ропство, родовата рамноправност, стандардите за животната средина, антикорупцијата и доброто управување.

**AIRE Центар**

AIRE Центарот е специјализирана невладина организација која обезбедува експертиза и практично советување за правните стандарди на Европската унија и на Советот на Европа и има особено искуство во застапување пред Европскиот суд за човекови права, каде има учествувано во повеќе од 150 случаи. Во изминатите дваесет години, AIRE Центарот изгради исклучителен углед во Западниот Балкан, каде дејствуваше на сите нивоа на правосудните системи во регионот. Тој работи во тесна соработка со министерствата за правда, правосудните академии и центрите за обуки во правосудството, уставните и врховните судови за да ги предводи, поддржи и помага долгорочниот развој на владеењето на правото и реформските проекти. AIRE центарот исто така соработува со секторот на невладините организации ширум регионот за да помогне да се унапреди правниот сектор и почитувањето на човековите права.

